# *СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ОХРИД 2021-2026*

2021

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ... 4
2. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ... 6
3. МЕТОДОЛОГИЈА ... 10
4. ПРОЦЕНА НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2016 – 2025 ... 13
4.1 Анализа на визијата, методологијата и тематските области на националната стратегија ... 13
4.2 Процена на стратешките приоритети и главните цели од националната стратегија 15
5. АНАЛИЗА НА НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕВРОПСКИ ПОЛИТИКИ И ЛЕГИСЛАТИВА ЗА МЛАДИТЕ И НИВНАТА ОПШТЕСТВЕНА ПОЛОЖБА ... 19
**5.1** Младинско учество ... 25
**5.2** Младинско информирање ... 26
**5.3** Локална младинска работа ... 26
**5.4** Образование ... 26
**5.5** Вработување и поддршка пред вработување ... 26
**5.6** Култура, спорт ... 27
**5.7** Здравје ... 27
**5.8** Квалитет на живот ... 27
6. АНАЛИЗА НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА СО МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД 28
**6.1 Општи податоци за Општина Охрид** ... 28
**6.2 Население и миграции** ... 28
**6.3 Локални младински политики, локални организации и младинско учество и информирање** ... 30
**6.4 Образование** ... 31
**6.5 Вработување и поддршка пред вработување** ... 32
**6.6 Спортско – забавна и културна инфраструктура** ... 33
**6.7 Здравје** ... 34
**6.8 Методолошки пристап на истражувањето** ... 34
**6.9 Анализа и систематизирање на резултати од истражувањето** ... 35
**6.10 Заклучок од истражувањето** ... 47
7. ВИЗИЈА, СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ, СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ, КАКО И АНАЛИЗА НА СИЛНИТЕ И СЛАБИТЕ СТРАНИ НА СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ ... 48
**7.1** Свот (Swot) анализа ... 48
**7.2** Вредности ... 50

**7.3** Мисија ........ 51
**7.4** Визија ........ 51
**7.5** **Локални младински политики и локални организации и Младинско учество** 51
**7.6** **Младинско информирање** ........ 53
**7.7** **Локална младинска работа** ........ 54
**7.8** **Образование** ........ 55
**7.9** **Вработување и поддршка пред вработување** ........ 57
**7.10** **Спортско-забавна и културна инфраструктура** ........ 58
**7.11** **Здравје и здравствена заштита** ........ 61
**7.11** **Квалитет на живот** ........ 61
**7.12** **Други локални програми** ........ 61
8. АКЦИОНЕН ПЛАН 2021 - 2026 ........ 64
9. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА ........ 73
10. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА........ 74
11. АНЕКС ........ 76

Листа на табела:

Табела бр. 1 -Вкупно население, домаќинства и станови во Охрид, Попис 2002 ........ 28
Табела бр. 2 -Вкупно население според изјаснување по национална припадност, Попис 2002........ 28
Табела бр. 3 - Процена на население по години во Охрид ........ 29
Табела бр. 4 - Број на млади од 15-29 во РСМ и Охрид во 2020 -според процена на население........ 29
Табела бр. 5 -Вкупен број на млади од 15-29 во Охрид по години, според процена на население........ 29
Табела бр. 6 - Вкупно доселени и отселени граѓани на Охрид, по години........ 30
Табела бр. 7 -Отселени граѓани на Охрид во други држави, по години ........ 30
Табела бр. 8 -Редовни ученици, наставници во Охрид, по учебна година........ 31
Табела бр. 9 - Дипломирани студенти според степенот на студии, пол и според местото (општината) на постојано живеење, по години ........ 31
Табела бр. 10 - Невработени според возраст , состојба 31.08.2021, во Охрид ........ 32
Табела бр. 11 - Преглед на невработени лица според школска подготовка во Охрид, состојба 31.08.2021 ........ 32
Табела бр. 12 - Вид на обуки кои недостасуваат во Охрид ........ 43
Табела бр. 13 - Преглед на вид на објекти кои недостасуваат во Охрид........ 45
Табела бр. 14 - Преглед на најважни приоритети ........ 46
Табела бр. 15 - Свот (Swot) анализа........ 49
Табела бр. 16 - Акционен план за период 2021-2026 ........ 64

Табела бр. 17 - Преглед на невработени лица со високо образование и магистратура според профил на образование ........ 79

Листа на графикони:

Графикон бр. 1 -Пол ........ 35
Графикон бр. 2 - Возраст ........ 36
Графикон бр. 3 - Националност ........ 36
Графикон бр. 4 - Образование ........ 37
Графикон бр. 5 - Место на живеење ........ 37
Графикон бр. 6 - Дали сте вработени? ........ 38
Графикон бр. 7 - За да би останале во Охрид, колку би требало да изнесува Вашата плата? ........ 39
Графикон бр. 8 - Дали сте член во некоја граѓанска организација? ........ 39
Графикон бр. 9 - Дали сметате дека недостасуваат младински организации и здруженија во Општина Охрид? ........ 40
Графикон бр. 10 - Дали сте информирани за случувањата со младите во Општина Охрид? ........ 40
Графикон бр. 11 - Дали сте волонтирале? ........ 41
Графикон бр. 12 - Дали би сакале да волонтирате? ........ 41
Графикон бр. 13 - Дали сте посетувале некоја обука? ........ 42
Графикон бр. 14 - Дали сметате дека во Општина Охрид недостасуваат обуки? ........ 42
Графикон бр. 15 - Како го поминувате најчесто Вашето слободно време? ........ 44
Графикон бр. 16 - Како го поминувате најчесто Вашето слободно време? ........ 44

# 1. ВОВЕД

Младите претставуваат движечка сила во секое општество и имаат важна општествена улога. Затоа е важно континуирано да се работи на зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за нив како и нивна поголема вклученост во донесувањето на одлуки и на политики за млади. Нивната поголема вклученост во креирањето на политиките за младите ќе овозможи поттикнување на личен, професионален и социјален развој кај младите, промоција и заштита на интересите на младите, како и поголема информираност за нивните права.

Формите на младинско организирање, учеството на младите во процесот на креирање на младински политики и донесувањето одлуки кои се однесуваат на нив, стратешките документи на национално и локално ниво, активностите и мерките кои ги преземаат органите на управување на државната управа и единиците на локалната самоуправа за унапредување на положбата на младите во општеството, како и информирање и заедничко планирање на активности поврзани со и за млади е регулирано со Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на РСМ бр. 10 од 16.01.2020).

Општина Охрид во согласност со Законот за младинско учество и младински политики има обврска за формирање на локален младински совет, локално собрание на млади на Општина Охрид, Младински центар како и изработка на стратегија за млади на Општина Охрид.

Заради исполнување на законските обврски кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики, Советот на Општина Охрид на седницата одржана на 04.12.2020 година донесе статутарна одлука за дополнување на Статутот на Општина Охрид со која се додадени член 73 и член 74. Според нив се предвидува да се формира локалниот младински совет и локалното младинско собрание на Општина Охрид.

Во рамките на општината е формирано и локално Собрание на млади на Општина Охрид. Локалното младинско собрание го сочинуваат: младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на Општина Охрид.

Согласно член 18 став 5. од Законот за младинско учество и младински политики како и врз основа на член 73, став 11 од Статутот на Општина Охрид, Советот на Општина Охрид на 12.05.2021 година донесе одлука за верификација на одлуката за избор на членови во локалниот младински совет донесена од страна на локалното Собрание на млади на Општина Охрид.

Советот на Општина Охрид, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики, донесе и одлука за отстапување на времено користење простор и спроведување постапка за формирање на Младински центар Охрид. Согласно Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри усвоен на 07.04.2021 од страна на Агенција за млади и спорт, Општина Охрид ќе има обврска преку јавен повик, на транспарентен начин, да избере младинска организација или организација за млади, која ќе раководи и управува со Младинскиот центар во

Охрид, за период од три до пет години. Општина Охрид има обврска финансиски да го поддржи основањето и функционирањето на Младинскиот центар во Охрид.

Општините во соработка со локален Совет на млади во согласност со член 20 од Законот за младинско учество и младински политики имаат обврска за изработка на стратегија за млади. За исполнување на оваа законска обврска Општина Охрид објави оглас за набавка од мала вредност број 11580/2021. Огласот е наменет за набавка на услуги од консултантска фирма за изработка на локална младинска стратегија, анкета на 110 луѓе, како и организација за креирање на младинска политика во Охрид, јавна расправа и завршен настан за промоција на стратегијата. За најповолен понудувач беше избрано Друштвото за консалтинг „Таргет Комуникации“ ДООЕЛ Скопје.

## 2. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Врз основа на добиените резултати од спроведеното примарно истражување се заклучува дека младите во Општина Охрид се заинтересирани да членуваат во младински граѓански организации и здруженија (48%) и дека има недостиг од истите (62%). Постои заинтересираност кај младите за волонтирање и обуки. Младите сметаат дека недостасуваат обуки за млади во Охрид и тоа: ИТ обуки; обуки за изучување на странски јазици; обуки за сексуално здравје за млади; обуки за меки вештини; обуки за ментално здравје; обуки од областа на екологијата и културата. Најчесто младите во Охрид своето слободно време го поминуваат со друштво на кафе, а сметаат дека најмногу во градот недостасуваат културни и забавни активности за млади.
Според испитаниците на младите во Охрид најмногу им недостасува: Младински културен центар, кино, театар, спортски сали, затворен базен. Потоа библиотека, паркови и зеленило, студентска населба и друго. Најважните три приоритети во креирањето на стратегијата за млади на Општина Охрид, според испитаниците треба да бидат: образование, култура и вработувањето.

Визијата ја претставува посакуваната состојба на младите во Охрид. Таа е една од клучните чекори за донесување на развојни одлуки и дава мотивирачка сила за имплементација на стратегијата. При дефинирање на визијата неопходно е да се земат предвид резултатите кои произлегоа од извршените анализи на постојната состојба на младите во Охрид, како и спроведената анкета на млади луѓе од 15 до 29 години во Општина Охрид.

Визијата на Општина Охрид за млади е следна:

***Младите во Општина Охрид се активни и рамноправни учесници во сите области на општествениот живот. Тие со својата иновативност и креативност се главни двигатели на економскиот, културниот и социјалниот развој, имаат еднакво право на висок квалитет на живеење, чиста и здрава животна средина.***

За исполнување на визијата на младите во Општина Охрид потребно е исполнување на следните цели:

***Стратешка област: Локални младински политики, локални организации и младинско учество***

**Стратешка цел 1: Зголемен број на младински иницијативи и организации**

*Активности:*

1.1 Формирање на Младински културен центар

1.2 Обезбедување на поголемо учество на младите на локално ниво при креирање на политики кои ги засегаат младите

**Стратешка цел 2: Обезбедување еднаков пристап за сите млади луѓе до младински организации и европски програми за млади**

*Активности:*

2.1 Обезбедување на квалитетни информации за достапни европски програми за млади.

2.2 Организирање на презентации за промоција на младински организации и можности за зачленување во истите.

### *Стратешка област: Младинско информирање*

**Стратешка цел 1: Обезбедување на подобар пристап до информации од интерес на младите луѓе**

*Активности:*

1.1 Организирање на обука за медиумска писменост,

1.2 Вмрежување на заинтересирани страни и воспоставување на функционален младински инфо центар.

1.3 Креирање андроид апликација за споделување на информации.

1.4 Информирање преку социјални медиуми.

### *Стратешка област: Локална младинска работа*

**Стратешка цел1: Осигурување на квалитетна и достапна понуда на младинска работа**

*Активности:*

1.1 Промоција и поддршка на граѓанските организации кои имплементираат младинска работа.

1.2 Обезбедување на простор и услови за имплементација на младинска работа.

### *Стратешка област: Образование*

**Стратешка цел 1: Креирање на можности за личен и професионален развој**

*Активности:*

1.1 Организирање на ИТ обуки; обуки за изучување на странски јазици; обуки за меки вештини.

1.2 Едукација за физикална терапија

1.3 Креирање на ИТ вештини преку формално и неформално образование, со можност за вработување во модерни ИТ компании

1.4 Креирање на услови за работа на современи номади/Идентификација и промоција на идејата за современи номади

### *Стратешка област: Вработување и поддршка пред вработување*

**Стратешка цел 1: Подобрување на условите за вработување**

*Активности:*

1.1 Формирање на центар за кариерно советување за поддршка на ученици и невработени

1.2 Организирање на средби со бизнис заедницата за идентификување на потреби за вработување

1.3 Организирање на саем за вработување

## *Стратешка област: Спортско-забавна и културна инфраструктура*

**Стратешка цел 1: Подобрени услови за спортски активности**

*Активности:*

1.1 Изградба на спортски објект
1.2 Изградба на велосипедска патека
1.3 Изградба на затворен базен

**Стратешка цел 2: Подобрени услови за културни активности**

*Активности:*

2.1 Организирање на културни манифестации за млади
2.2 Отворање на младински театар за млади уметници
2.3 Долни Сарај да се отвори за млади
2.4 Отворање на градски музеј
2.5 Утврдување на сопственост на опремата од филмската академија и можност да ја користат младите
2.6 Изградба на кино

## *Стратешка област: Здравје и здравствена заштита*

**Стратешка цел 1: Подобрени услови за едукација на менталното здравје и однесување кај младите**

*Активности:*

1.1 Промоција и зголемување на капацитетите на центрите за социјална работа
1.2 Организирање на обуки за сексуално здравје за млади
1.3 Организирање на обуки за ментално здравје
1.4 Превенција за употреба на наркотични дроги

**Стратешка цел 2: Зголемена свесност кај младите за одговорностите при учество во сообраќајот**

*Активности:*

2.1 Активност за подигање на свесноста и сообраќајната култура на младите

## *Стратешка област: Квалитет на живот*

**Стратешка цел 1: Чист град**

*Активности:*

1.1 Организирање на еко акции
1.2 Парк за миленичиња
1.3 Паркови и зелени површини
1.4 Организирање на редовни состаноци на еколошки друштва со ЈП „Охридски комуналец“
1.5 Поставување на функционални канти за отпадоци низ целиот град

### *Стратешка област: Други локални програми*

**Стратешка цел 1: Подобрување на условите за живот на млади од ранливи групи на граѓани**

*Активности:*

1.1 Дневни центри за лица со посебни потреби
1.2 Обезбедување на пристапни рампи за инвалидни лица
1.3 Организирање на обуки за изучување на знаковен јазик

**Стратешка цел 2: Подобрување на условите за живот на млади од сиромашни семејства**

*Активности:*

**2**.1 Обезбедување на бесплатни обуки

**Стратешка цел 3: Подобрување на условите за живот на младите од руралните средини**

*Активности:*

3.1 Обезбедување на младите луѓе во руралните области активно да учествуваат во донесувањето на одлуки од интерес за младите
3.2 Подобрување на инфраструктурата за младите во руралните области

# 3. МЕТОДОЛОГИЈА

Процесот на стратешко планирање е динамичен процес со кој треба да се определат приоритетите и целите што ќе се реализираат преку определени програми, дефинирани проекти и конкретни активности, во рамки на определен буџет. Целта на стратешкото планирање е да се проектира иднината на младите на начин што ќе овозможи да се реализира визијата за младите во Општина Охрид во следните пет години.

Според потребните сегменти кои треба да ги опфати оваа стратегија за млади на Општина Охрид, тимот на „Таргет Комуникации" ја подели оваа методологија во осум основни фази:

***Прва фаза***

Првата фаза започна со воведна консултативна средба со претставници од Општина Охрид. На истата беа дефинирани сите засегнати страни кои ќе бидат вклучени во изработката на стратегијата и се дефинира динамиката за изработка. По завршување на средбата тимот на „Таргет Комуникации" пристапи кон дефинирање на концептот и методологијата за изработка на стратегија за млади на Општина Охрид, со акциски план за период од 2021-2026 година, како и изработка на временска рамка. Истите беа пратени до Општина Охрид на одобрување.

***Втора фаза***

Во втората фаза е направена процена на Националната стратегија за млади 2016-2025, како и анализа на законска регулатива. Во оваа фаза се разработи и анализира методологијата, визијата, кои тематски области се обработени, како и анализа на стратешките приоритети и главните цели од Националната стратегија за млади. Анализата беше неопходна, бидејќи стратегијата за млади на Општина Охрид е потребно да биде во согласност со Националната стратегија за млади. Исто така беа анализирани националните и европските политики, легислатива за младите и нивната општествена положба во тематски области како: младинско учество, младинско информирање, локална младинска работа, образование, вработување и поддршка при вработување, култура, спорт, здравје и квалитет на живот.

***Трета фаза***

Во третата фаза беше опфатена анализа на постојната состојба со младите во Општина Охрид. Изработени се анализи за тематски области за постојното ниво на младите во Општина Охрид. Секторските анализи ги опфатија следните тематски области: локални младински политики и локални организации, младинско учество, младинско информирање, локална младинска работа, образование, вработување и поддршка при вработување, спортско-забавна и културна инфраструктура, здравје, квалитет на животи и други локални програми.

При процесот на анализите се применија класичните научни методи (анализа, синтеза, индукција, дедукција и сл.) и релевантни специфични методи за поодделните секторски анализи во согласност со потребите. За изработка на

анализите се користеа официјални податоци, анализи, студии и стратешки документи подготвени од надлежни институции.

***Четврта фаза***

Во оваа фаза следеше анализа на сите фактори кои ја сочинуваат внатрешната околина на стратешките области на делување (SWOT анализа). Овде се истакнати сите силни и слаби страни на стратешките области од аспект на развој и можности кои треба да се искористат како и заканите од други надворешни фактори.
SWOT анализата ќе овозможи во креирање на добри стратешки цели и активности кои, пак ќе придонесуваат за подобрување на квалитетот на животот на младите во Општина Охрид. Исто така беше изготвена и PEST анализа со цел утврдување на надворешните фактори на влијание. Во оваа фаза беше подготвена агенда и покана за конференција за креирање на младинската политика на Охрид.

***Петта фаза***

Во петтата фаза се одржа конференција за креирање на младинската политика на Охрид. Во рамки на конференцијата засегнатите страни беа запознаени со потребата, процесот, методологијата, главните активности, динамика на реализација и временска рамка за изработка на стратегија за млади на Општина Охрид. Исто така беше презентирана SWOT анализата. Учесниците имаа можност да се вклучат во SWOT анализата со нивни предлози, односно да ги посочат силните и слабите страни. Засегнатите страни имаа можност да се вклучат во дефинирање на стратешките цели и определување на визијата.

***Шеста фаза***

Во рамки на оваа фаза беше направена анкета на 110 млади луѓе на возраст од 15 до 29 години со цел да се утврдат нивните потреби и барања. За таа цел беше подготвен прашалник. Анкетата се спроведе во период од 27. 09. 2021 до 14.10. 2021 година. Податоците се прибираа телефонски врз основа на прашалник што го пополнува обучен анкетар. Исто така на официјалната страна на Општина Охрид беше поставен линк од прашалникот и беа повикани сите млади луѓе електронски преку Google drive да го пополнат прашалникот. Добиените резултати беа обработени со заклучоци и коментари.

***Седма фаза***

Во седмата фаза од концептот за изработка на стратегија за млади на Општина Охрид, со акциски план за период од 2021-2026 година, се премина на пишување на еден драфт стратешки документ, во кој беа дефинирани стратешки цели, приоритети и активности во согласност со целите за одржлив развој од Обединетите Нации и Европската Унија. Драфт верзијата беше доставена до Општина Охрид за нивни коментари, сугестии и забелешки.

***Осма фаза***

Во осмата, односно последна фаза се опфати финализацијата на Стратегијата за млади на Општина Охрид, со акциски план за период од 2021-2026 година. Во оваа фаза ќе бидат вградени сите коментари, сугестии и забелешки дадени од претставници на Општина Охрид. Откако ќе биде финализирана, и одобрена од Општина Охрид, ќе се организира завршен настан за промоција на стратегијата. На оваа конференција, ќе биде презентирана финалната верзија на стратегијата и ќе се промовира истата пред сите учесници.

# 4. ПРОЦЕНА НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2016 – 2025

## *4.1 Анализа на визијата, методологијата и тематските области на националната стратегија*

Изработката на Националната стратегија за млади е базирана на принципите на учество односно активно вклучување на сите засегнати страни. Процесот на креирање на националната стратегија за млади се одвиваше во повеќе фази, притоа вклучувајќи ги сите клучни чинители во креирањето на националната младинска политика. Почетокот на изработката на националната стратегија за млади е започнат со национална конференција, на која голем број на претставници од младински организации и институции зедоа учество. Со цел детално да бидат опфатени сите прашања, проблеми, потреби и предизвици со кои се среќаваат младите во секојдневниот живот, биле дефинирани тематски области и преку отворен повик биле формирани работни групи за секоја тематска област.

Работните групи за секоја тематска област, преку работни средби и работилници ги дефинирале клучните предизвици со кои се соочуваат младите, како и долгорочните цели за справување со истите.

Во третата фаза биле организирани јавни дебати на национално ниво, на кои биле дефинирани стратешките приоритети, вредносни определби на стратегијата, како и долгорочни цели за секоја тематска област.

Тематските области се формирани во согласност со потребите на младите да ги остваруваат своите права, потреби и интереси. Истите опфаќаат прашања поврзани со можноста да бидат вклучени во креирање на политиките кои директно ги засегаат младите, да добиваат еднакво и квалитетно образование, здравство, можност за вработување и поддршка при вработување.

Во Националната стратегија за млади се формирани девет клучни области и тоа:

1. **Младинско учество** - претставува право, но и можност младите жени и мажи да бидат вклучени во креирањето, носењето и реализацијата на политиките кои се од нивен интерес. Според националната стратегија, застапеноста на младите во институциите не е на задоволително ниво, а и таму каде што ги има ретко или малку се вклучени во донесувањето на одлуки. Централните и локалните власти не одвојуваат доволно финансиски средства за реализација на идеите на младите.
2. **Младинско информирање** - се подразбира како систем за давање на услуги со специјализирани сервисни информации, кои се од интерес на младите луѓе. Според националната стратегија за млади, информациите за младите се лимитирани, не се пренесуваат на начин соодветен за младите, и не постои структура на младинско информирање.
3. **Локална младинска работа** - претставува организиран и системски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен

потенцијал. Како еден од клучните предизвици во Националната стратегија е посочен фактот дека младинската работа не е препознаена како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите. Потоа дека младинската работа не е формално регулирана, стандардизирана и интегрирана како дел од системот на воспитание, образование и заштита на младите, и истата не е подеднакво достапна за младите во различни региони од земјава.

4. **Образование** - треба да се набљудува како мултидимензионална област која се однесува на повеќе целни групи и во себе опфаќа повеќе нивоа и пристапи. Според националната стратегија за млади, посебно битно е вклучувањето на младите во процесите на развој на квалитетно образование и интегрирање на нивните ставови и потреби како на ниво на политики така и во практиката.
5. **Вработување и поддршка при вработување** - Вработувањето претставува важна етапа во осамостојувањето на секој млад човек, клучен чекор на процесот на себереализација и неговата трансформација во рамноправен и активен чинител на едно општество. Клучни предизвици кои влијаат на нивото на невработеност кај младите се издвојуваат општата економска состојба во земјата која пред сè резултира со недостиг на соодветна понуда на работни места по обем и квалитет.
6. **Култура** - таа вклучува збир на мерки и активности за подобрување на културно-рекреативниот живот и културна понуда за младите луѓе во Македонија, којашто опфаќа музика, театар, филм, книжевност, издаваштво, сликарство, вајарство, современ танц итн. Како клучни предизвици во оваа област се дефинирани: недостатокот на редовни културни настани за млади (концерти, мултимедијални настани) во места надвор од Скопје. Незаинтересираност кај младите да посетуваат културни настани и културни институции, но и новата медиумска култура која се наметнува кај младите за сметка на книжевноста, за која нема доволно медиумска писменост. Во националната стратегија за млади е потенциран и јазот во разбирањето и знаењето за развој на култура помеѓу младите во Скопје и младите кои живеат надвор од Скопје.
7. **Спорт** - претставува секоја форма на физичка активност (преку повремени и/или организирани учества) цели кон изразување и подобрување на физичката подготвеност и менталната благосостојба, создава социјални врски или пак, постигнува резултати во натпреварување на сите нивоа. Како клучни предизвици се наведени недостатокот на поголема поддршка од државната, локалната самоуправа и федерациите. Потоа локалната самоуправа средствата наменети за спорт да ги користи за масовни спортови за сите млади, а помалку за индивидуални спортови.
8. **Здравје** - состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци. Клучните предизвици во областа здравје се поврзани со растечкиот тренд на ризични однесувања меѓу младите во Македонија поврзани со сексуално и репродуктивно здравје, зголемената тенденција на употребата на алкохол, тутун и психоактивни супстанции, зголемената појава на случаи на насилство

(врсничко и родово), силеџиство, повреди меѓу младите, млади на улица и запоставување, зголемени последици од неправилна исхрана, прекумерна тежина, анорексија и булимија, како и зголемен број случаи на повреди и смртност кај младите како последица на сообраќајни несреќи.

9. **Квалитет на живот** – опфаќа генерална благосостојба на индивидуите и општеството. Квалитетот на живот во себе вклучува широк спектар на полиња меѓу кои се: меѓународен развој, здравје, политика и вработување. Стандардните индикатори за квалитет на живот не го вклучуваат само економскиот елемент (вработување и примања) туку и животната средина, физичкото и менталното здравје, образованието, рекреацијата, слободното време и припадноста на социјалните кругови. Дополнителни сегменти кои влијаат на квалитетот на живот се и слободата, човековите права и среќата. Според Националната стратегија за млади, најголеми проблеми со кои се соочуваат младите во Република Македонија, а од кои директно зависи квалитетот на живот на младите луѓе се малите можности за осамостојување на младите, преку вработување, нискиот младински стандард, несоодветниот рурален развој кој дополнително ја отежнува состојбата на младите во руралните средини, влошениот квалитет на воздух и уништувањето на животната средина кои директно влијаат на влошување на квалитетот на живот не само кај младите, туку кај целата популација.

Визијата во националната стратегија за млади е следна:

*Младите се независни, самостојни, активни, рамноправни, информирани и прогресивни учесници во сите области на општеството и во целост го развиваат својот потенцијал како одговорни граѓани кои ги уживаат фундаменталните права и слободи.*

*Младите имаат еднакви можности без оглед на разликите и се значајно вклучени во процесот на донесување на одлуки, при што ги развиваат своите потенцијали и активно придонесуваат кон општиот развој и благосостојба на Република Северна Македонија.*

## 4.2 Процена на стратешките приоритети и главните цели од националната стратегија

За остварување на визијата 2025, креаторите на националната стратегија за млади ги дефинираат следните стратешки приоритети:

1. Овозможување подобар животен стандард и еднакви можности за квалитетен живот.
2. Креирање услови за почитување и заштита на фундаменталните права и слободи, и систематска интеграција и интеракција на различни категории млади.
3. Креирање на можности за вклучување на младите во следење и спроведување на политиките и одлуките кои ги засегаат.

4. Еднаков пристап до квалитетно образование и други форми на личен и професионален развој.

Во рамки на Националната стратегија за млади, се дефинирани долгорочни цели, поединечно за секоја тематска област.

Со цел во иднина да се надмине проблемот со учеството на младите во креирањето на политиките, во националната стратегија се предвидени следните долгорочни цели:

- Зголемен број на изворни младински иницијативи и здружувања;
- Институциите, организациите и младите имаат редовни, континуирани и заеднички активности во согласност со интересите на младите;
- Обезбедување на финансиска поддршка од страна на локалните и националните власти во насока на поттикнување на младинско учество;
- Обезбедување на означаен институционален фокус на млади преку Агенцијата за млади и спорт;
- Обезбедени соодветни ресурси за имплементација на младински политики и механизми за младинско учество.

Во националната стратегија во тематската област младинско информирање се дефинирани следните долгорочни цели:

- Достапност и транспарентност на информации од интерес на младите за остварување на нивните потреби;
- Креирана комуникациска стратегија за меѓуинституционална координација за информирање на младите;
- Воспоставен е систем за младинско информирање на локално и на национално ниво со механизам за одржлив развој (зајакнати капацитети, зголемен квалитет и квантитет).

За тематската област локална младинска работа, се дефинирани следните долгорочни цели:

- Препознавање на младинската работа како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите;
- Формално препознавање и регулирање на примената и понудата на младинската работа како интегрален дел на воспитно образованиот систем на земјата;
- Осигурување на квалитетна и достапна понуда на младинска работа на територијата на секоја општина.

За тематската област образование се дефинирани следните долгорочни цели:

- Да се унапредат наставните програми и техники во основното, средното и високото образование, вклучувајќи ја и практичната настава во средно и високо образование;
- Да се подобри квалитетот, подготовката и поддршката на наставниот кадар во воспитно- образовниот процес во средното образование и нудење можности за развој на кадарот во високо образовните институции;

- Да се унапреди и соодветно примени екстерното проверување на постигањата на учениците како еден од механизмите на следење и контрола на квалитетот на образованието;
- Соодветна застапеност и третман на содржините од сексуалното образование во процесот на формална и неформалната едукација;
- Да се овозможи пристап на секоја образовна институција до референтни бази од современата и прогресивна литература;
- Да се утврди систематски пристап при донесување на образовните политики заснован на анализи и истражувања, а во согласност со меѓународни стандарди и најдобри практики, вклучувајќи ги младите во сите фази;
- Доследно и конзистентно спроведување на образовните политики;
- Да се приспособи правната рамка на неформалното образование во согласност со природата на младинскиот сектор и со широка примена на ЕУ-стандарди;
- Да се постигне значајна вклученост и интеграција на децата и младите со посебни потреби во образовниот систем;
- Да се подобри поддршката за деца и млади кои се едукативно и воспитно запоставени;
- Соодветно вклучување во образовниот процес на децата со посебни потреби и интереси (талентирани, натпросечно интелигентни деца, хиперактивни деца, деца со дислексија итн.);
- Да се подобри понудата на неформално образование за специфични групи на деца и младич;
- Да се развие систем за заштита на личните податоци на децата и на младите во образовниот систем.

Во рамки на тематската област вработување и поддршка пред вработување, дефинирани се следните долгорочни цели:

- Креирање на достапни можности за сите млади да се стекнат со компетенции (знаења, ставови, вештини) кои се барани на пазарот на трудот;
- Промоција на долгорочен и меѓу секторски пристап во политиките за помош за вработување на млади;
- Младите како проактивни и креативни партнери во процесот на надминување на невработеноста;
- Обезбедување на систематска и координирана поддршка за развој на младинско претприемништво.

Во националната стратегија за млади, во рамки на тематската област култура, дефинирани се следните долгорочни цели:

- Унапреден и одржлив систем на креативни и културни практики кај младите;
- Подобрен квалитет на културно-забавниот живот на младите;

- Еднаков пристап на младите до квалитетна културна понуда и можности за културна соработка;
- Младите се вклучени во креирање и спроведување на културните политики.

Во тематската област спорт се дефинирани следните долгорочни цели:

- Креирање на одржлив систем за мотивирање на младите за нивно редовно вклучување и активно спортување;
- Еднаков пристап на сите млади до спортски објекти и активности кои се нудат за ментално и физичко здравје;
- Сеопфатна соработка на сите институции во државата кои придонесуваат во спортот и промоција на „Спорт за сите“;
- Зголемен процент на млади лица се вклучени во креирање и спроведување на политики за развој на спортот;
- Креативни годишни активности кои се наменети за млади на возраст од 15 до 22 години за редовно поттикнување за учество во спортот.

Во тематската област здравје, дефинирани се следните долгорочни цели:

- Да се намали ризичното однесување (поврзано со СРЗ, употреба на тутун, алкохол и ПАС) и насилство кај младите во Македонија на возраст од 15 до 25 години до 2025 година;
- Да се подобрат условите за дедукција на ментално здравје и однесување кај младите во Македонија;
- Да има здрави навики за исхрана кај младите на возраст од 15 до 19 години;
- Да се зголеми свесноста кај младите за одговорностите при учество во сообраќајот;
- Да се овозможи еднаков пристап до здравствена заштита за сите младите;
- Да се формираат услови за непречена рехабилитација и ресоцијализација на ранливи категории на млади.

# 5. АНАЛИЗА НА НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕВРОПСКИ ПОЛИТИКИ И ЛЕГИСЛАТИВА ЗА МЛАДИТЕ И НИВНАТА ОПШТЕСТВЕНА ПОЛОЖБА

Младинскиот дел од програмата Еразмус+ поттикнува размена на млади луѓе во Европска унија со трети земји. Во текот на изминатите неколку години, Европската унија ги зајакна своите политики за младите, што е илустрирано со иницијативата на Европскиот солидарен корпус и проектот DiscoverEU.

На европско ниво не постои единствена дефиниција за поимот млади. Според годишните извештаи за млади кои ги објавува Европската Унија, периодот кога едно лице се гледа како младо се смета за фаза на транзиција, а обидите за дефинирање вклучуваат термини каде што младите се дефинираат како „преодна фаза на зависно детство до самостојна зрелост.

„Оттаму и возрасната граница за поимот млади се менува со текот на годините. Во 2006, кога се воспоставува програмата „Млади во акција“, за млади луѓе се сметаат оние на возраст од 15-25 години, но некои акции на програмата се отворени за лица од 13-30 години.

Во 2009, Европска унија ја усвојува „ЕУ Стратегијата за млади за периодот 2010-2018 година“. Во документот, како широка дефиниција за млади се јавува возрасната граница од 13-30 години.

Врз основа на Резолуцијата на Советот од 26 ноември 2018 година, „Стратегијата за млади на Европска Унија“ е рамка за соработка на младинската политика на Европска Унија за 2019-2027 година. Таа е насочена кон максимално искористување на потенцијалот за младинска политика. Поддржува социјален и граѓански ангажман, го поттикнува учеството на младите во демократскиот живот и неговата цел е да обезбеди сите млади луѓе да ги имаат потребните ресурси за да учествуваат во општеството.

Стратегијата на ЕУ ги дефинира младите луѓе како лица помеѓу 15 и 29 години. Повеќето земји на ЕУ ги дефинираат младите како лица помеѓу 14/15 и 29/30. Постојат некои земји што се придржуваат до „моделот на продолжена младост“ со 35 години како горна граница, како што се Грција, Кипар, Романија и Украина.

„Младинската стратегија на ЕУ“ применува меѓу-секторски пристап во неговата имплементација и се однесува на три главни области околу три клучни зборови: Учество (Engage); Поврзување (Connect); Зајакнување (Empower).

Првата главна област на „Младинската стратегија на ЕУ“ е: **Учество (Engage).** Стратегијата за млади на ЕУ има за цел да постигне значајно граѓанско, економско, социјално, културно и политичко учество на младите. Според креаторите на „Младинската стратегија на ЕУ“, ангажирањето на млади луѓе мора да биде камен-темелник на идната младинска политика на ЕУ. Тоа значи дека младите мора да имаат збор во развојот, имплементацијата и евалуацијата на политиките што ги

засегаат, како што е „Стратегијата за млади на ЕУ“ и други национални младински стратегии. Во креирањето на политиките треба да бидат што е можно поинклузивни и да се приспособат на постојните предизвици. Од суштинско значење е истражувањето на нови и алтернативни форми на учество на младите. Креаторите на младинската политика на ЕУ ги повикуваат земјите членки и Европската комисија да ги насочуваат своите активности во правец на:

- Поттикнување и промовирање на инклузивно демократско учество на сите млади луѓе во општеството и демократските процеси;
- Активно ангажирање на младите луѓе, младински организации и други организатори на младинската работа во развој, имплементација и евалуација на политиките, кои влијаат на животот на младите луѓе на локално, регионално, национално и европско ниво;
- Поддршка на формирање и развој на младински репрезентации на локално, регионално и национално ниво, признавајќи го правото на младите луѓе да учествуваат и да се самоорганизираат, на препознавање на репрезентативни младински структури и нивно вклучување во работата на локалните, регионални, национални и европски власти;
- Да го поддржат и пренесат младинскиот дијалог на ЕУ со цел да се вклучат младите луѓето во процесите на одлучување на сите нивоа и да го поттикнуваат развојот на граѓанските иницијативи, преку едукација на граѓани и стратегии за учење;
- Да ги поддржат и развијат можностите за „учење за учество“, зголемувајќи го интересот за учество, акции и помагање на младите да се подготват за учество;
- Да ја истражат и промовираат употребата на иновативни и алтернативни форми на демократско учество, како на пр. алатки за дигитална демократија и олеснување на пристапот со цел да се поддржи младинското учество во демократски живот. Исто така и ангажирање на младите луѓе на инклузивен начин, додека се свесни дека некои млади немаат пристап до интернет и дигитални технологии, ниту пак вештини за користење на нив;

Втората главна област на „Младинската стратегија на ЕУ“ е „**Поврзување (Connect)“.** Стратегијата на ЕУ за млади треба да ја поттикне поврзаноста на младите луѓе во ЕУ и земјите кандидати, партнерите од Источното партнерство и Западен Балкан, како и со други трети земјите со кои ЕУ има договори за асоцијација или соработка, со помош на ЕУ преку релевантни програми за финансирање од ЕУ. Според креаторите на „Младинската стратегија на ЕУ“, можности за младите да искусат размени, соработка, културни и граѓански активности во европски контекст треба да биде достапна за сите млади луѓе. Според нив, ова ќе им овозможи да развиваат и зајакнуваат лични, социјални и граѓански компетенции. Потоа да развиваат критичко размислување и креативност, подобрување на вработливоста и да станат активни европски граѓани. Младински размени и проекти во рамките на Еразмус+,

Европскиот корпус за солидарност и нивните наследнички програми се извори за интеркултурно учење и зајакнување, особено за младите луѓе со помалку можности. Во рамките на оваа област, се повикуваат земјите членки и Европската комисија да ги преземат следните активности:

- Да овозможат пристап за сите млади луѓе, како и за младинските работници, до можности за прекугранична мобилност, вклучително и волонтирање во граѓанскиот сектор, преку елиминирање на пречките и спроведување мерки за поддршка со посебно внимание на младите луѓе со помалку можности;
- Да се охрабри ангажманот на младите луѓе да учествуваат во инструментите за финансирање на ЕУ и националните, регионалните и локалните програми;
- Активно ангажирање на младите луѓе и младинските организации во дизајнирањето, спроведувањето и евалуацијата на релевантните програми за финансирање на ЕУ;
- Да се споделат најдобрите практики и понатамошната работа на ефективни системи за валидација и препознавање на вештините и компетенциите стекнати преку неформално учење, вклучувајќи солидарни и волонтерски активности, продолжувајќи со имплементација на препораката на Советот од 2012 година за валидација на неформално учење.

Третата главна област на „Младинската стратегија на ЕУ" е **„Зајакнување (Empower)"**. Креаторите на „Младинската стратегија на ЕУ" сметаат дека младинската работа во сите нејзини форми може да послужи како катализатор за зајакнување. Според нив, младинска работа носи уникатни придобивки за младите луѓе во нивната транзиција кон зрелоста, обезбедувајќи им безбедна средина да стекнат самодоверба и да учат на неформален начин. Младинската работа е позната за стекнување на младите со клучни лични, професионални и претприемачки компетенции и вештини како што се тимска работа, лидерство, интеркултурни компетенции, управување со проекти, решавање на проблеми и критичко размислување. Во некои случаи, младинската работа е мост за премин од образование, обука кон работа, со што се спречува исклучувањето. За да се искористат овие придобивки, постои поголема потреба за признавање на неформалното образование и неформалното учење преку младинската работа, особено корисно за оние со мали формални квалификации, како начин да се подобри вработеноста. Во рамките на оваа област, се повикуваат земјите членки и Европската комисија да ги преземат следните активности:

- Развивање и имплементација на европска агенда за младинска работа за квалитет, иновации и препознавање на младинската работа. Со цел да се ослободи целосниот потенцијал, неопходно е да се интегрира експертизата на младинските репрезентации,

младинските организации, младинските работници и истражувачите.

- Треба да се охрабрат понатамошни синергии со работата што ја спроведува Советот на Европа во оваа област;
- Поддршка за квалитетен развој на младинската работа на локално, регионално, национално и европско ниво, вклучувајќи развој на политики на терен, обука за младински работници, воспоставување законски рамки и доволна распределба на ресурсите; Поддршка на младинските работни активности на сите нивоа, и признавање на младинските организации како даватели на развој на компетенции и социјална инклузија преку младинска работа и неформално образование, притоа почитувајќи ги националните, регионалните и локалните активности во оваа област;
- Создавање и дополнително развивање, лесно достапни точки за контакт за млади кои обезбедуваат широк опсег на услуги и/или обезбедуваат информации, вклучително и финансиски насоки;
- Насоки и поддршка за кариера, здравје и можности за образование, култура и вработување.

Во стратегијата за „Млади на ЕУ 2019-2027“, се поставени следните 11 цели:

- Поврзување на ЕУ со младите;
- Еднаквост на сите полови;
- Инклузивни општества;
- Информации и конструктивен дијалог;
- Ментално здравје и благосостојба;
- Обезбедување на еднакви услови за младите во руралните средини;
- Квалитетно вработување за сите;
- Квалитетно учење;
- Простор и учество за сите;
- Одржлива зелена Европа;
- Младински организации и европски програми;

Националната стратегија на РСМ во голем дел е во согласност со „Младинската стратегија на ЕУ 2019-2027“. Во националната „Стратегија за млади на РСМ“, се определени девет тематски области наспроти 11 главни цели во „Младинската стратегија на ЕУ“.

-Првата поставена цел на Младинската стратегија на ЕУ: „Поврзување на ЕУ со младите“, индиректно е поставена и во Националната стратегија на млади на РСМ, во тематската област – „Образование“. Односно, цел 8. – „Да се приспособи правната рамка на неформалното образование во согласност со природата на младинскиот сектор и со широка примена на ЕУ стандарди.“

-Втората поставена цел во „Стратегија за млади на ЕУ“: „Еднаквост на сите полови“, во нашата стратегија не е опфатена. Целта „инклузивни општества“ од „Младинската стратегија на ЕУ“, во нашата национална стратегија е опфатена во тематска област - Образование и тоа:

*Цел 8: Да се приспособи правната рамка на неформалното образование во согласност со природата на младинскиот сектор и со широка примена на ЕУ-стандарди;
*Цел 9: Да се постигне значајна вклученост и интеграција на децата и младите со посебни потреби во образовниот систем;
*Цел 10: Да се подобри поддршката за деца и млади кои се едукативно и воспитно запоставени;
*Цел 11: Соодветно вклучување во образовниот процес на децата со посебни потреби и интереси (талентирани, натпросечно интелигентни деца, хиперактивни деца, деца со дислексија итн.);
* Цел 12: Да се подобри понудата на неформално образование за специфични групи на деца и млади.
Исто така и целта: „Информации и конструктивен дијалог“ од Европската младинска стратегија е опфатено во нашата Национална младинска стратегија во тематската област - Младинско информирање. Целта „Ментално здравје и благосостојба“ од Европската младинска стратегија, во Националната стратегија за млади на РСМ е вклучена во тематската област – „Здравје“. Во однос на целта обезбедување на еднакви услови за младите од руралните средина, во нашата Национална стратегија е дефинирано како проблем во тематската област – „Квалитет на живот“. Во Националната стратегија за млади на РСМ исто така се опфатени темите за квалитетно вработување, квалитетно учење, учество на младите и младински организации и европски програми, а не е опфатено „Одржлива зелена Европа“.

Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО) е независно функционален институционален механизам, основан од Западен Балкан со шест учесници и тоа: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, со цел да го промовираат духот на помирување и соработка меѓу младите во регионот преку програми за размена на млади.

Европскиот младински форум се стреми кон унапредување на правата на младите во меѓународните институции како што се Европската унија, Советот на Европа и Обединетите нации. Европскиот младински форум делува во обласга на младинската политика и развој на младинската работа. Во фокусот на својата работа ги има европските прашања од областа на младите, додека преку својот глобален ангажман, ги подобрува капацитетите на своите членови и воедно промовира глобална меѓузависност. Во секојдневната работа, Европскиот младински форум ги претставува ставовите и мислењата на младинските организации во сите релевантни полиња и ја промовира меѓусекторската природа на младинската политика кон различни институционални глумци. Принципите на еднаквост и одржлив развој се составен дел од работата на Европскиот младински форум.

Од јули 2017 година, форумот се состои од 43 Национални младински совети и 61 меѓународна младинска невладина организација, вкупно е сочинет од 104 тела од цела Европа.

Правната рамка во однос на младите во Република Северна Македонија е регулирана со посебен Закон за младинско учество и младински политики, донесен

на 14.01.2020 година, и објавен во Службен весник на РСМ, бр. 10 од 16.01.2020 година. Предмет на уредување на овој закон се формите на младинско организирање, учество на младите во процесот на креирање на младински политики и донесување на одлуки кои се однесуваат на нив, стратешки документи на национално и локално ниво, активности и мерките кои ги преземаат органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа за унапредување на положбата на младите во општеството, како и информирање и заедничко планирање на активностите поврзани со и за млади.

Целта на овој закон е креирање и спроведување на политики за млади на сите нивоа, поаѓајќи од потребите и интересите на младите, зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога. Законот исто така има за цел да придонесе и за промовирање на меѓугенерациско партнерство за поддршка на учеството на младите во процесот на донесување на одлуки и политики. Придонесува за поддршка и унапредување на младинското организирање, го поттикнува волонтерството, младинскиот активизам и младинска работа и влијае на подобрувањето на личниот, професионалниот и социјалниот развој кај младите.

Според Законот за младинско учество и младинска политика, под терминот млади се подразбира лица на возраст од 15 до 29 години.

Постојат и други правни акти, кои се однесуваат на младите во Република Северна Македонија а тоа се: Закон средно образование; Закон за високо образование; Закон за ученички стандард; Закон за студентски стандард; Закон за волонтерство; Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност; Закон за практикантство; Закон за здруженија на граѓани и фондации и сл.

Институционалната рамка која се однесува на младите е поширока. **Владата на Република Северна Македонија** на национално ниво е клучен извршен орган со широки ингеренции во креирање на политиките, вклучително и младинските политики. Својата улога во младинската политика ја остварува преку дел од своите министерства и неколку институции.

**Агенција за млади и спорт** е главно и одговорно тело за политиките за млади. Во својата организациска структура има сектор за млади со две одделенија и тоа: одделение за младинска политика и тренинг одделение за меѓународна соработка. Секторот за млади врши работи кои се однесуваат на сферите на интерес и потребите на младата популација во земјата и признавањето на улогата на младите во развојот на Република Северна Македонија, како позитивна движечка сила и промотор на новите вредности на општеството и државата, придржувајќи се до Националната стратегија за млади.
Агенцијата за млади има обврска да води регистар на младински организации и организации за млади.

**Комисија за образование, наука и спорт** при Собранието на Република Северна Македонија ги разгледува прашањата што се донесуваат за образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард, воспоставување на меѓународна соработка за прашања кои се однесуваат на образованието, науката, младите и

спортот, поттикнување на интелектуално, културното и научното творештво на младите.

Останати институции кои се насочени и имаат влијание кон младите и младинските политики се:

- Министерство за образование и наука;
- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност;
- Фонд за иновации и технолошки развој;
- Агенција за поддршка на претприемништво;
- Национален младински совет на Република Северна Македонија.

Програмата Еразмус плус е отворена за широк спектар на организации во сите сектори на образованието, обуката и младите. Еразмус плус финансира три клучни акции од областа на образование, обука и млади:
• Клучна акција 1 (КА1) – Учење преку индивидуална мобилност
• Клучна акција 2 (КА2) – Соработка за иновација и размена на добри практики
• Клучна акција 3 (КА3) – Поддршка за реформи во политиките
Жан Моне активностите се однесуваат на поддршка на светскиот квалитет при Европските интегративни студии.
Финансирањето кое е достапно преку акцијата- Спорт, се однесува на поддршка на локални социјални активности.

### ***5.1*** *Младинско учество*

Младинско учество претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите. Младинското учество е регулирано со Закон за младинско учество и младински политики. Во согласност со законот треба да се формира национално советодавно тело за младински политики, кое во моментот на изработка на стратегијата е во процес на формирање.

На локално ниво, во согласност со законот, општините имаат обврска да формираат локални младински совети, канцеларија за млади, младински центар и службеник за млади.

Согласно член 18 став 5. од Законот за младинско учество и младински политики како и врз основа на член 73 став 11. од Статутот на Општина Охрид, Советот на Општина Охрид на 12.05.2021 година донесе одлука за верификација на одлуката за избор на членови во локалниот младински совет донесена од страна на локалното собрание на млади на Општина Охрид.

Советот на Општина Охрид, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики, донесе и одлука за отстапување на времено користење простор и спроведување постапка за формирање на Младински центар Охрид. Во согласност со Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри усвоен на 07.04.2021 од страна на Агенција за млади и спорт, Општина Охрид ќе има обврска преку јавен повик, на транспарентен начин, да избере младинска организација или организација за млади, која ќе раководи и управува со Младинскиот центар во Охрид, за период од три до пет години. Општина Охрид има

обврска финансиски да го поддржи основањето и функционирањето на Младинскиот центар во Охрид.

### 5.2 Младинско информирање

Во националната стратегија за млади, во тематската област младинско информирање, во долгорочна цел три е наведено дека ќе биде воспоставен систем за младинско информирање на локално и на национално ниво со механизми за одржлив развој (зајакнати капацитети, зголемен квалитет и квантитет). Во согласност со тоа, Општина Охрид има законска обврска како и право да издвои буџет и да преземе активности преку кои би го подобрила информирањето на младите.

### 5.3 Локална младинска работа

Локалната младинска работа претставува организиран и системски процес на едукација и поддршка на автентичен развој на младите со цел на остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал. Законска рамка со која се регулира оваа тематска област е Националната стратегија за млади како и Законот за практикантство. Општина Охрид во согласност со долгорочната цел 3. од Националната стратегија за млади има законска обврска да работи на осигурување на квалитетна и достапна понуда на младинска работа на територијата на Општина Охрид.

### 5.4 Образование

Образованието е двигател во секое општество и има клучно значење за младите, бидејќи преку него се стекнуваат со знаење и вештини кои понатаму придонесуваат за нивен личен, професионален и социјален развој, а сето тоа им обезбедува квалитетен живот.

Законската рамка за тематската област – образование, која се однесува на младите е опфатена со Закон за средно образование, Закон за високо образование и Закон за локална самоуправа.

### 5.5 Вработување и поддршка пред вработување

Вработувањето на младите претставува многу важен фактор за осамостојувањето на секој млад човек и постигнување на финансиска и социјална независност. Законската рамка со која се регулира оваа тематска област се: Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Закон за работни односи, Закон за младински додаток.

### *5.6 Култура, спорт*

Овие тематски области законски се регулирани со  Закон за култура, Закон за спорт, Закон за локална самоуправа. Општина Охрид во согласност со законот за локална самоуправа, има законска обврска да се грижи за спортот во истата, да придонесува за развојот на масовниот спорт и рекреативните активности, да организира спортски приредби и манифестации, да гради спортски објекти и да се грижи за одржувањето на истите, да ги поддржува спортските сојузи.

### *5.7 Здравје*

Тематската област - здравје е регулирана со голем број на закони и законски акти, а како дел ги издвојуваме: Закон за здравствена заштита; Закон за здравствено осигурување; Закон за ментално здравје; Закон за јавно здравје; Закон за заштита од пушење; Закон за прекинување на бременоста; Закон за заштита на населението од заразни болести и сл.

### *5.8 Квалитет на живот*

За квалитетен живот на младите придонесуваат сите погоре наведени тематски области, во согласност со тоа, законската регулатива од сите погоре се однесуваат и на оваа тематска област.

# 6. АНАЛИЗА НА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА СО МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД

## *6.1 Општи податоци за Општина Охрид*

Градот Охрид се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, на североисточната страна од Охридското Езеро, во Охридско-струшкото поле. Градот е сместен во подножјето на планината Галичица, на надморска височина од 695 m, додека стариот дел од градот се наоѓа на повисока надморска височина до 800 m.

Охрид е најразвиениот туристички и културен центар не само во Република Северна Македонија, туку на Балканот и пошироко. Поради големиот број на цркви и манастири, градот е познат како Балкански и Европски Ерусалим. Охрид е познат и како „град на светлината“, што претставува буквален превод на неговото старо име, Лихнид. Охридскиот регион е вклучен во светското наследство на УНЕСКО.

## *6.2 Население и миграции*

Според пописот од 2002 година на територијата на Општина Охрид живеат вкупно 55 749 жители. Има вкупно 16 012 домаќинства и 28 437 станови.

Табела бр. 1 -Вкупно население, домаќинства и станови во Охрид, Попис 2002

| Охрид | Вкупно население | Домаќинства | Станови |
|---|---|---|---|
| | 55749 | 16012 | 28437 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Жителите припаѓаат на повеќе националности. Најголем број од нив, односно 84,92% се жители од македонска националност, 5,31% се жители од албанска националност, 4,07% се Турци, 0,12% се Роми, 0,58% се Власи, 0,66% се Срби, 0,05% се Бошњаци и 4,28% припаѓаат на останати националности.

Табела бр. 2 -Вкупно население според изјаснување по национална припадност, Попис 2002

| Охрид | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 55749 | 47344 | 2962 | 2268 | 69 | 323 | 366 | 29 | 2388 |
| | % учество во вкупно население | 84.92 | 5.31 | 4.07 | 0.12 | 0.58 | 0.66 | 0.05 | 4.28 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Според процена на Државен завод за статистика бројот на населението во Општина Охрид бележи пад. Според оваа институција во 2018 година проценето е дека во општината живеат вкупно 51540 жители, во 2019 се намалува бројот на

население на 51434 жители, и за 2020 изнесува 51125 жители. Во Општина Охрид во изминатите три години односот на население според пол изнесува 49% мажи и 51% жени.

Табела бр. 3 - Процена на население по години во Охрид

| Охрид | | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Вкупно | Вкупно |
| | **вкупно** | **51540** | **51434** | **51125** |
| | мажи | 25223 | 25161 | 24986 |
| | жени | 26317 | 26273 | 26139 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Во општина Охрид процентот на учество на младите во вкупното население во 2020 година според податоците изготвени од Државен завод за статистика изнесува 17,39%, додека на национално ниво учеството на младите во вкупното население изнесува 19,22%. Вкупниот број на млади од 15 до 29 години во Општина Охрид е 8 891, од кои 52% се мажи и 48% жени.

Табела бр. 4 - Број на млади од 15-29 во РСМ и Охрид во 2020 -според процена на население

| | | Вкупно население | Вкупно млади од 15-29 | % учество на младите во вкупното население | 15-19 | 20-24 | 25-27 | 28-29 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | **вкупно** | **2072531** | **398364** | **19.22** | **116830** | **129597** | **89015** | **62922** |
| | мажи | 1037467 | 205056 | 19.77 | 60250 | 66917 | 45603 | 32286 |
| | жени | 1035064 | 193308 | 18.68 | 56580 | 62680 | 43412 | 30636 |
| Охрид | **вкупно** | **51125** | **8891** | **17.39** | **2648** | **2889** | **1956** | **1398** |
| | мажи | 24986 | 4590 | 18.37 | 1372 | 1467 | 1008 | 743 |
| | жени | 26139 | 4301 | 16.45 | 1276 | 1422 | 948 | 655 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Според податоците за бројот на населението по години, Државен завод за статистика оценил дека бројот на млади од 15-29 години во Општина Охрид бележи пад. Во 2018 година вкупниот број на млади изнесува 9211, во 2019 година бројот на млади се намалува на 9011 и во 2020 година на 8891.

Табела бр. 5 -Вкупен број на млади од 15-29 во Охрид по години, според процена на население

| 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|
| 9211 | 9011 | 8891 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Податоците за вкупно население и отселени граѓани на Охрид во други држави како и податоците за вкупно отселени и доселени граѓани покажуваат дека Општина Охрид се соочува со доста висока миграција на младите.

Табела бр. 6 - Вкупно доселени и отселени граѓани на Охрид, по години

| | 2018 | | 2019 | | 2020 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно доселени** | **Вкупно отселени** | **Вкупно доселени** | **Вкупно отселени** | **Вкупно доселени** | **Вкупно отселени** |
| **Охрид** | 335 | 262 | 382 | 348 | 265 | 407 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Табела бр. 7 -Отселени граѓани на Охрид во други држави, по години

| Охрид | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Вкупно | Вкупно |
| | - | 66 | 201 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

## *6.3 Локални младински политики, локални организации и младинско учество и информирање*

Во рамките на Општина Охрид е формирано:

- Локално собрание на млади на Општина Охрид
- Локален младински совет

Локалното младинско собрание го сочинуваат: младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на Општина Охрид. Во моментот на изработка на стратегијата, локалното собрание на млади го сочинуваат следните организации:

- Здружение „Извиднички одред Пионер“
- Здружение за „Мултикултурна интеграција – Инклузија“ Охрид
- ОО „Црвен крст“ Охрид
- ЗГ НАТГ „Аматер“ - Охрид
- Младинска унија на Демократска партија на Турците во Македонија (ДПТМ) Охрид
- УМС ВМРО ДПМНЕ Охрид
- ЗГ „Брег на младост“ - Охрид
- ЗГ ЕК „Пират“ - Охрид
- ЗГ „Про Баскет Јуниор“ - Охрид
- ЗГ „Свети Наум 2019“ - с. Велгошти
- СОСУ „Св. Кирил и Методиј“ -Охрид (училишна заедница)
- СДММ - Охрид
- ЗГ „Пирамида Зем“ Охрид

## *6.4 Образование*

Според официјалните податоци објавени на веб - страницата на Општина Охрид, во градот има четири средни училишта, два факултети и еден институт.

Средни училишта се:

- ОСУ „Св. Климент Охридски" - Охрид
- ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски" - Охрид
- ОУТУ „Ванчо Питошески" - Охрид
- СОСУ „Св. Кирил и Методиј" - Охрид

Факултети и институт се следните:

- Факултет за туризам и организациони науки - Охрид
- Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле"
- ЈНУ Хидробиолошки институт

Според официјалните податоци на Државен завод за статистика во учебната 2020/2021 година биле запишани вкупно 2144 ученици. Во однос на запишани ученици има зголемување во однос на претходните две учебни години. Во учебната 2018/2019 година имало запишани 1982 ученици, додека во учебната 2019/2020 година имало 2017 запишани ученици. Зголемување има и кај наставниците во средните училишта. Во учебната 2018/2019 година нивниот број бил 175 наставници. Во следната учебна година се зголемил на 176 наставници, а во учебната 2020/2021 се зголемил на 180 наставници.

Табела бр. 8 -Редовни ученици, наставници во Охрид, по учебна година

| | 2018/2019 | | 2019/2020 | | 2020/2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Ученици-вкупно** | **Наставници-вкупно** | **Ученици-вкупно** | **Наставници-вкупно** | **Ученици-вкупно** | **Наставници-вкупно** |
| **Охрид** | 1982 | 175 | 2017 | 176 | 2144 | 180 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Во Општина Охрид вкупниот број на дипломирани студенти во 2019 година изнесува 273 студенти, во 2018 година дипломирале вкупно 243 студенти, додека во 2017 година вкупно дипломирале 270 студенти. Бројот на дипломирани студенти бележи пад во 2018 година во однос на 2017 година, додека во 2019 година во однос на 2018 има зголемување на бројот на дипломирани студенти.

Табела бр. 9 - Дипломирани студенти според степенот на студии, пол и според местото (општината) на постојано живеење, по години

| | 2017 | | | 2018 | | | 2019 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| Република Македонија | 8085 | 3345 | 4740 | 7263 | 2900 | 4363 | 7433 | 3059 | 4374 |
| Охрид | 270 | 113 | 157 | 243 | 106 | 137 | 273 | 111 | 162 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

## 6.5 Вработување и поддршка пред вработување

Според официјалните податоци за број на невработени лица објавен од страна на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, во Општина Охрид вкупниот број на невработени лица изнесува 3195 лица. Најголемо учество односно 51,0799% во вкупниот број на невработени лица имаат лицата на возраст над 50 години. Невработените млади од 15-29 години учествуваат со 13,8% во вкупниот број на невработени во Општина Охрид.

Табела бр. 10 - Невработени според возраст , состојба 31.08.2021, во Охрид

| Центар за вработување | Вкупно | 15 -19 | 20-24 | 25 - 29 | 30 - 34 | 35 -39 | 40 - 44 | 45- 49 | 50 - 54 | 55 - 59 | од 60 години и повеќе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Охрид | 3195 | 17 | 186 | 238 | 264 | 285 | 277 | 296 | 367 | 623 | 642 |
| %учество | | 0.5321 | 5.822 | 7.44914 | 8.2629 | 8.9202 | 8.6698 | 9.2645 | 11.4867 | 19.4992 | 20.094 |

*Извор: АВРСМ*

Најголем број на невработените во Општина Охрид се без образование и со основно образование. Меѓутоа има и голем број на невработени со високо образование и тоа дури 414 лица, потоа 29 невработени магистри на науки и 90 лица со вишо образование.

Табела бр. 11 - Преглед на невработени лица според школска подготовка во Охрид, состојба 31.08.2021

| Центар за вработување | Вкупно | Без образование и со основно образование | Непотполно средно образование | Завршено средно образование | Вишо образование | Високо образование | Магистри на науки | Доктори на науки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Охрид | 3195 | 1121 | 636 | 905 | 90 | 414 | 29 | 0 |

*Извор: АВРСМ*

Агенција за вработување на Република Северна Македонија нуди активни програми, мерки и услуги за вработување за млади лица. Според оперативниот план за 2021 година, некои од нив се следните:

- Младински додаток
- Обуки „Подготовка за вработување и за работа“.
- Обуки за напредни ИТ вештини
- Обуки за напредни ИТ вештини (со кофинансирање) за нелиценцирани одржувачи на обуки
- Практикантство

- Обуки „Подготовка за вработување и за работа“
- Гаранција за млади
- Мотивациски обуки
- Вработување и раст на правни субјекти
- Обука на работното место за познат работодавец

### *6.6 Спортско – забавна и културна инфраструктура*

Јавното претпријатие „Билјанини извори“ е јавно претпријатие, формирано со одлука на Советот на Општина Охрид на 28 февруари 2008 година. Неговата основна дејност е да стопанисува со Спортско рекреативниот центар „Билјанини извори“ и јавниот паркинг простор. Спортско рекреативниот центар се наоѓа на 695 метри надморска височина, со идеални климатски услови во текот на целата година (232 сончеви денови во годината), лоциран на излезот на Охрид во подножјето на планината Галичица. Инфраструктурата што ја поседува Спортско рекреативниот центар овозможува одлични услови за спортско професионално и рекреативно користење на истата, како и можности за организирање на културни, музички и други алтернативни настани. Во рамки на Спортско рекреативниот центар се:

- Спортската сала „Билјанини извори“;
- Градскиот стадион;
- Фудбалскиот терен со вештачка трева;
- Мултифункционално игралиште;
- Тениски терени;
- Атлетска патека;
- Отворен базен.

Според податоците објавени на веб - страницата на Општина Охрид, културни институции на територијата на Општина Охрид се следните:

- Фестивал „Охридско лето“;
- Поетска ноќ во Велестово;
- Охридска академија на хуманизмот;
- Национална установа-Библиотека „Григор Прличев“;
- Национална установа -Центар за култура „Григор Прличев“ - Охрид;
- Национална установа-Завод за заштита на културните споменици, националниот музеј;

### *6.7 Здравје*

Здравствената заштита на подрачјето на општина Охрид се реализира преку работата на пет јавни здравствени организации (Здравствен дом, општа болница, Завод за здравствена заштита, Специјална болница за ортопедија и трауматологија, и Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања). Според регистарот на здравствени установи што го води Министерството за здравство во Општина Охрид има 36 приватни стоматолошки ординации, шест приватни здравствени установи за специјалистичка здравствена заштита, 22 приватни здравствени установи по општа медицина и 40 приватни аптеки.

### *6.8 Методолошки пристап на истражувањето*

Во согласност со техничката спецификација наведена во тендерската документација за спроведување на истражувањето треба да се опфати примерок од 110 млади луѓе. Целна група во оваа истражување се млади луѓе на возраст од 15-29 години, жители на Општина Охрид.

Прашалникот кој се користеше за истражувањето беше подготвен од страна на „Таргет Комуникации“, врз основа на специфичните потреби на клиентот. Прашањата користени во прашалникот ги опфаќаат сите девет тематски области.

Некои прашања во прашалникот вклучуваа дополнителен простор за дополнителен одговор, со цел целната група слободно да го изрази своето мислење.

Анкетата се спроведе во период од 27.09.2021 до 14.10.2021 година. Податоците се прибираа телефонски врз основа на прашалник што го пополнува обучен анкетар. Исто така на официјалната страна на Општина Охрид беше поставен линк од прашалникот и беа повикани сите млади луѓе електронски, преку Google drive да го пополнат прашалникот.

За внесување и обработка на податоците се користеше Google drive, кој овозможува целосна контрола на податоците, сумирање и пресметка на резултатите од истражувањето. Овој дел ги дава првичните резултати кои графички ги прикажуваат резултатите од најважните одговори.

Применетиот методолошки пристап, заедно со добиените и обработените податоци, обезбеди:

- Транспарентност и прифатливост на спроведениот процес од целната група
- Објективност
- Применливост и релевантност на добиениот заклучок
- Имплементација во оптимална временска рамка и оптимално искористување на достапните ресурси

По процесот на имплементација, беше комплетирано собирањето и анализата на одговорите, резултатите од целните групи се детално анализирани и како финална фаза е направен заклучок и препораки од анализата.

## *6.9 Анализа и систематизирање на резултати од истражувањето*

Прашалникот беше наменет за млади луѓе на возраст од 15 до 29 години, жители на Општина Охрид. Истиот се состоеше од вкупно 16 прашања, од кои едно беше наменето за нивни забелешки, сугестии и предлози и демографски податоци за испитаниците. Прашањата беа креирани со цел да може да се добие сознанија што најмногу им недостасува на младите во Охрид, со какви проблеми и предизвици се соочуваат, како го поминуваат своето слободно време, како и на кој начин може да се помогне за да се подобрат условите на младите во Охрид и сл. Целосниот прашалник е даден во поглавјето-Анекси. Во продолжение ги презентираме резултатите од спроведеното истражување.

Во првиот дел од прашалникот беа поставени демографските податоци за испитаниците. Од вкупниот број на испитаници 56% биле од женскиот пол, а 44% од машкиот пол.

Графикон бр. 1 -Пол




Најголем број од испитаниците (70%) биле на возраст од 15 до 19 години, 18% биле на возраст од 20 до 24 години. На возраст од 25 до 27 години биле 11% и само 1% од испитаниците биле на возраст од 28 до 29 години.

Графикон бр. 2 - Возраст




Најголем број од испитаниците се изјасниле дека се Македонци (92%). Потоа 4% од испитаниците се изјасниле дека се Власи, 2% Роми и по 1% Турци и останато.

Графикон бр. 3 - Националност




Во однос на образование, најголем број од испитаниците се во средно образование (37%), 13% од нив се изјасниле дека имаат високо образование, 5% од нив се изјасниле дека имаат магистратура, 22% од испитаниците се ученици, а 19% се студенти.

Графикон бр. 4 - Образование




Според место на живеење, поголемиот дел од испитаниците доаѓаат од урбаниот дел на Охрид (88%) и 12% од нив се од рурална средина.

Графикон бр. 5 - Место на живеење




Првото прашање кое беше поставено на испитаниците се однесуваше на тоа дали се вработени. Најголем број од испитаниците се ученици (80%). Додека од испитаниците кои веќе имаат завршено образование, 14% се изјасниле дека се вработени и 6% дека се невработени. Дел од испитаниците се изјаснија дека освен што се студенти истовремено се и во работен однос.

Графикон бр. 6 - Дали сте вработени?




Следно, испитаниците беа запрашани за да останат во Охрид, колку би требало да изнесува нивната плата. Најголемиот број од испитаниците, приближно 30 испитаници одговориле дека би биле задоволни со плата над 50.000,00 денари, 24 испитаници одговориле дека би биле задоволни со плата од 31.000,00 до 35.000,00 денари, 19 испитаници би биле задоволни со плата од 36.000,00 до 40.000,00 денари, 17 испитаници би биле задоволни со плата од 26.000,00 до 30.000,00. Потоа следуваа испитаници кои одговориле дека би биле задоволни со плата од 41.000,00 до 45.000,00 денари, па оние кои би биле задоволни со плата од 46.000,00 до 50.000,00 денари. Мал дел од испитаниците односно само четворица, одговорија дека би биле задоволни со плата од 21.000,00 до 25.000,00 денари. Имаше и такви испитаници кои одговорија дека платата не игра клучна улога при одлуката за да останат во Охрид, бидејќи си го сакаат својот преубав град.

Графикон бр. 7 - За да би останале во Охрид, колку би требало да изнесува Вашата плата?




На прашањето дали сте член во некоја граѓанска организација, 48% од испитаниците одговориле дека членуваат во некоја организација, 46% од испитаниците се изјасниле дека не членуваат во ниту една организација и 6% одговориле друго.

Графикон бр. 8 - Дали сте член во некоја граѓанска организација?



Испитаниците сметаат дека во Охрид недостасуваат младински организации и здруженија, 62% од нив одговориле дека недостасуваат, 30% од нив одговориле дека има младински организации и здруженија, но недоволно. Само мал дел (7%) од испитаниците сметаат дека во Охрид има доволно младински организации и здруженија.

Графикон бр. 9 - Дали сметате дека недостасуваат младински организации и здруженија во Општина Охрид?




На прашањето дали сте информирани за случувањата поврзани со младите во Охрид, 55% од испитаниците одговориле дека се информирани, 37% дека не се информирани, и 8% одговориле друго.

Графикон бр. 10 - Дали сте информирани за случувањата со младите во Општина Охрид?



На следниот графикон се гледа дека поголемиот број од испитаниците (79%) волонтирале, а само 21% од нив се изјасниле дека не волонтирале.

Графикон бр. 11 - Дали сте волонтирале?




Истражувањето покажа дека младите во Охрид се заинтересирани да волонтираат, кај нив има желба и заинтересираност. 77% од испитаниците одговориле дека би сакале да волонтираат, 18% одговориле дека можеби ќе волонтираат и само 5% одговориле дека не сакаат да волонтираат во иднина.

Графикон бр. 12 - Дали би сакале да волонтирате?



Испитаниците беа запрашани дали посетувале или во моментот посетуваат некоја обука. Од следниот графикон може да се види дека повеќе од половина од испитаниците не посетувале и не посетуваат во моментот никаква обука (55%), и 42% од испитаниците или посетувале или во моментот посетуваат некоја обука.

Графикон бр. 13 - Дали сте посетувале некоја обука?




На прашањето дали сметаат дека во Охрид недостасуваат обуки за млади, 56% од испитаниците одговориле дека недостасуваат, 32% сметаат дека има, но недоволно и 6% од испитаниците одговориле дека има доволно обуки.

Графикон бр. 14 - Дали сметате дека во Општина Охрид недостасуваат обуки?




Испитаниците кои одговорија дека недостасуваат обуки во Охрид, беа запрашани какви обуки недостасуваат а би сакале во иднина да им бидат достапни. Најголем број од испитаниците одговориле дека би сакале да има ИТ обуки, потоа обуки за изучување на странски јазици, обуки за сексуално здравје за млади, обуки

за меки вештини, обуки за ментално здравје, обуки од областа на екологијата и културата, обуки за пливање и нуркање, обуки за дигитални вештини, за лидерски способности, личен развој, маркетинг, организациски способности, туристички водичи и сл. Во табела бр. 12 детално се дадени сите одговори на испитаниците.

Табела бр. 12 - Вид на обуки кои недостасуваат во Охрид

| Вид на обука | број |
|---|---|
| Воени обуки | 1 |
| ИТ обуки | 5 |
| Јазични обуки | 3 |
| Обука за знаковен јазик | 1 |
| Обука за маркетинг | 1 |
| Обука за превенција од сексуални преносливи болести и зарази ( инфекции) | 2 |
| Обука за самодоверба | 1 |
| Обука за сексуално здравје за млади | 3 |
| Обука/тренинг за пливање | 2 |
| Обуки за алпинизам | 1 |
| Обуки за говорење во јавност | 1 |
| Обуки за Дигитални вештини | 1 |
| Обуки за изработка на бизнис планови | 1 |
| Обуки за креативни дејности | 1 |
| Обуки за лидерски способности | 1 |
| Обуки за личен развој | 1 |
| Обуки за меки вештини | 3 |
| Обуки за ментално здравје | 3 |
| Обуки за нуркање | 2 |
| Обуки за пеење и свирење | 1 |
| Обуки за пожарникари | 1 |
| Обуки за политика | 1 |
| Обуки за прва помош | 1 |
| Обуки за претприемништво | 1 |
| Обуки за развој на градот | 1 |
| обуки за ранлива категорија на граѓани | 1 |
| Обуки за стратешки и организациски способности | 1 |
| Обуки за стручни вештини | 2 |
| Обуки за туристички водичи | 1 |
| Обуки од областа на екологија | 3 |
| Обуки од областа на културата | 3 |
| Обуки од областа на уметност | 1 |
| Преквалификување на кадар | 1 |
| Финансиски обуки | 1 |
| Вкупно | 54 |

Најголем број од испитаниците своето слободно време го поминуваат со друштво на кафе, потоа со спортски и културни активности, следно е со членство во некоја организација или здружение а помалку пред телевизија и социјални мрежи.

Графикон бр. 15 - Како го поминувате најчесто Вашето слободно време?




Младите во Охрид сметаат дека најмногу им недостасуваат културни активности (35%) и забавни активности (32%). Исто така 23% од испитаниците одговориле дека им недостасуваат и образовни активности и 10% од нив се изјасниле дека им недостасуваат спортски активности? Според резултатите од истражувањето може да се заклучи дека на младите им недостасуваат поголем број на активности од сите области.

Графикон бр. 16 - Како го поминувате најчесто Вашето слободно време?



Следно прашање кое им беше поставено на испитаниците е да наведат каков вид на објекти сметаат дека недостасува во Охрид. Најголем број од нив сметаат дека на младите во Охрид им недостасува Младински културен центар, кино, театар, спортски сали, затворен базен, потоа библиотека, паркови и зеленило, студентска населба и други.  Во табела број 13 се наведени детално сите видови на објекти кои сметаат испитаниците дека недостасуваат во Охрид.

Табела бр. 13 - Преглед на вид на објекти кои недостасуваат во Охрид

| Вид на објект | број |
|---|---|
| Амбуланта | 1 |
| Библиотека | 3 |
| Веслачки клуб | 1 |
| Градинка | 1 |
| Дискотека | 1 |
| Затворен базен | 5 |
| Затворен и отворен скејтпарк | 1 |
| Изложбени салони достапни за промоција на младите, | 1 |
| Интернати | 1 |
| Канцеларија за млади | 1 |
| Катни гаражи | 1 |
| Кино | 14 |
| Куглана | 1 |
| Месара | 1 |
| Мини плоштад за млади | 1 |
| Младински културен центар | 14 |
| Музеј | 1 |
| Објекти за поголеми настани и концерти | 1 |
| Објекти кои имаат забавен карактер | 1 |
| Опера | 1 |
| Паркови | 1 |
| Паркови за кучиња | 1 |
| Паркови и зеленило | 1 |
| Пекара | 1 |
| Поправни домови | 1 |
| Прифатилиште за бездомници | 1 |
| Продажен објект за донирање или препродавање гардероба од втора рака | 1 |
| Психијатриски канцеларии | 1 |
| Сала за настани и обуки за млади | 1 |
| Спортски сали | 9 |
| Средношколски интернат | 1 |
| Студентски дом | 1 |
| Театар | 10 |

| | |
|---|---|
| Трговски центар | 3 |
| Центар за кариерно советување | 2 |
| Читална | 3 |
| Вкупно | 90 |

Исто така, испитаниците дадоа свој предлог за изградба на студентска населба со градски парк и место за одмор, забава и образование. Нивен предлог за студентската населба е поранешната касарна Охрид. Според нив местото е голема зелена површина, има и постоечки објекти. Доколку се реставрираат старите четири до пет војнички згради би имало одличен простор да се премести Студенскиот дом во Охрид, а дворот (останатиот дел од касарната) да биде уреден со прекрасен градски парк (трева, клупи, детски игралишта....) каде охридските студенти и посетителите на Охрид би имале прекрасен одмор, забава и дружење. Според испитаниците ова би ги поттикнале универзитетите во Македонија да отворат свој факултет во Охрид, а младите да се запишат на факултетите во Охрид.

Некои од испитаниците го посочија проблемот со филмската академија која била затворена иако имало премногу голем интерес за истата. Една од причините била тоа што немале сопствена зграда.

Предлог на испитаниците е да се изгради Музеј на Охрид каде би се прикажале сите убавини на Охрид. Нивниот предлог е да се изгради во факултетот за туризам. Во музејот би се прикажале слики од сите природни убавини на Охрид, фотографии со погледи од планините, фотографии од езерото и животниот свет во него, фотографии од музеи, фотографии од развојот на Охрид со години и генерации, од цркви и манастири.

Според испитаниците, најважните три приоритети во креирањето на стратегијата за млади на Општина Охрид, треба да бидат: образование, култура и вработувања. Во табела број 14 се дадени сите посочени приоритети од страна на испитаниците.

Табела бр. 14 - Преглед на најважни приоритети

| Приоритет | Број |
|---|---|
| Образование | 20 |
| Култура | 17 |
| Вработувања | 14 |
| Екологија | 12 |
| Спорт | 11 |
| Едукација | 8 |
| Забава за младите | 5 |
| Младинско учество | 2 |
| Иновации | 1 |
| Туризам | 1 |

Испитаниците сметаат дека исто така треба да им се даде можност  да создаваат нови иновации со цел да придонесат за нивниот град, да имаат поголемо учество во креирање на политиките кои се однесуваат на младите. Исто така како важно го посочија и тоа дека општината треба да подготви стратегија како ќе ги задржи младите во Охрид.

### *6.10 Заклучок од истражувањето*

Врз основа на добиените резултати од спроведеното примарно истражување се заклучува дека младите во Општина Охрид се заинтересирани да членуваат во младински граѓански организации и здруженија (48%) и дека има недостиг од истите (62%).  Постои заинтересираност кај младите за волонтирање и обуки. Младите сметаат дека недостасуваат обуки за млади во Охрид и тоа  како: ИТ обуки, потоа обуки за изучување на странски јазици, обуки за сексуално здравје за млади, обуки за меки вештини, обуки за ментално здравје, обуки од областа на екологијата и културата. Најчесто младите своето слободно време го поминуваат со друштво на кафе, а сметаат дека најмногу во Охрид недостасуваат културни и забавни активности за млади. Според испитаниците на младите во Охрид најмногу им недостасува: Младински културен центар, кино, театар, спортски сали, затворен базен, потоа библиотека, паркови и зеленило, студентска населба и други. Според испитаниците, најважните три приоритети во креирањето на стратегијата за млади на Општина Охрид, треба да бидат: образование, култура и вработувања.

# 7. ВИЗИЈА, СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ, СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ, КАКО И АНАЛИЗА НА СИЛНИТЕ И СЛАБИТЕ СТРАНИ НА СТРАТЕШКИТЕ ОБЛАСТИ

## *7.1 Свот (Swot) анализа*

SWOT анализата ќе придонесе полесно да се идентификуваат потребите, правата, но и интересите на младите луѓе. Во себе ги интегрира четирите главни фактори:

1. Силните страни (географската локација, човечки потенцијали, финансиски поволности, организацијата на институциите, инфраструктурните елементи и сл.);
2. Слабите страни и ограничувањата кои се појавуваат во локален контекст, независно од регионалните и светските трендови;
3. Можностите кои ќе резултираат со подобро искористување на потенцијалот доколку се надминат слабите страни и ограничувања;
4. Заканите или надворешните фактори кои може да го оневозможат натамошниот развој.

SWOT анализата е изготвена со цел да ја опфати институционалната рамка на развојните компоненти и програми. Таа не обезбедува анализа на проблемите кои се надвор од институционалните рамки и не обработува аспекти кои имаат краткорочна димензија.

На работилницата која беше одржана со претставници од општини, младински организации, студенти, ученици и останати засегнати страни, се водеше дискусија за изработка на SWOT анализа. Сите претставници беа повикани да ги посочат поединечните силни и слаби страни. Експертскиот тим го обработи целиот материјал и го преточи во SWOT анализа. Подолу се прикажани SWOT анализите.

Табела бр. 15 - Свот (Swot) анализа

| Силни страни | Слаби страни |
| --- | --- |
| ❖ Локациски предуслови<br>❖ Фаултет за информатика и за туризам<br>❖ Унеско<br>❖ Иницијативи кои се преземаат од основните и средните училишта<br>❖ Почетни чекори преземени од општината<br>❖ Млади со развиена свест, иницијатива<br>❖ Стипендии за млади лица<br>❖ Стипендии за студенти<br>❖ Мерки за вработување на млади лица<br>❖ Постоење на процедури и правилници<br>❖ Законска регулатива<br>❖ Висок % на млади- неангажирани | ❖ Лоша инфраструктура (депонии, канализација, колектор)<br>❖ Непостоење на долгорочна стратегија за профили (занимања) неопходни за следни 10 години<br>❖ Информираност на младите за постоење на локалниот совет<br>❖ Транспарентност во формирање на локалниот совет и други општински органи<br>❖ Немотивираност на младите<br>❖ Недостаток на волонтерски еколошки друштва<br>❖ Вработување и поддршка при вработување<br>❖ Еднаквите можности при вработување за лицата со посебни потреби<br>❖ Иселувањето е голем предизвик за општината, која ја напуштаат или планираат да ја напуштат сѐ повеќе луѓе, пред сѐ млади<br>❖ Не препознавање на граѓанските организации како партнери<br>❖ Недоволно финансирање на граѓанските организации<br>❖ Дигитализација<br>❖ Условите за спортски активности и културни манифестации |
| **Можности** | **Закани** |
| ❖ Природа, вода, ресурси и капацитети<br>❖ Волонтирање<br>❖ Соработка со општина и стопански комори<br>❖ Пристап до фондови за искористување на средства;<br>❖ Центар за обуки со цел преквалификација на населението<br>❖ Интерес на младите за учество во проекти<br>❖ Интерес на граѓански организации за соработка<br>❖ Образовни институции | ❖ Партизираниот јавен ресор,<br>❖ Економската стагнација,<br>❖ Отсуството на реални реформи во образовниот процес<br>❖ Недостаток на финансии<br>❖ Недостаток на соодветен стручен кадар<br>❖ Нецелосна имплементација на Закон за младинско учество и младински политики |

### *7.2 Вредности*

Вредностите се од особено значење за секоја индивидуа и за секоја организација. Со цел да се обезбеди успех како на личен план така и на организациско ниво, вредностите треба да се практикуваат секојдневно и да бидат втемелени во сите процеси и услуги. Вредностите се битни, бидејќи ни помагаат да растеме и да се развиваме, како на личен план, така и на ниво на организација. Со вредностите ја креираме иднината што сакаме да ја живееме и тоа се случува преку процесот на донесување одлуки, во кои се втемелени нашите вредности. Одлуките кои континуирано секојдневно се донесуваат се одраз на нашите вредности и верувања, и секогаш се насочени кон специфична цел која се сведува на задоволување на нашите индивидуални или организациски потреби.

**Професионалност** – младите манифестираат професионално однесување во своето секојдневно работење кое вклучува почит кон сите засегнати страни и животната средина, навремено соодветно реагирање, емпатија и интегритет.
**Стручност** – младите се стремат да бидат високо стручни во својата област и да ги имаат последните и најнови информации релевантни во својот домен на експертиза.
**Посветеност** – работите се извршуваат со максимална посветеност кон исполнување на зацртаните цели.
**Одговорност** – секој од младите презема пред сè лична одговорност за своето работење и донесените одлуки, и ги прифаќа последиците од соодветните акции и одлуки, исто така и луѓето кои работат со млади се одговорни и посветени.
**Отчетност** – за сите активности и проекти за младите, Општина Охрид дава извештај за својата работа и постигнувањата пред младите на лесно достапен и разбирлив начин.
**Инклузивност** –Општина Охрид со гордост е во служба на сите млади на територијата на Општина Охрид, без оглед на нивната верска определба, возраст, пол, националност, сексуална ориентација, политичка определба и/или посебни потреби.
**Достапност** –Општина Охрид со гордост се става во служба на младите и е на располагање за нивни определени потреби, кон кои се пристапува со внимание и соодветна почит.

### *7.3 Мисија*

***Младите во Општина Охрид со својата иновативност и креативност се главни поттикнувачи на забрзаниот економски, културен и социјален развој на Општина Охрид.***

### *7.4 Визија*

Визијата ја претставува посакуваната состојба на младите во Охрид. Таа е една од клучните чекори за донесување на развојни одлуки и дава мотивирачка сила за имплементација на стратегијата. При дефинирање на визијата неопходно е да се земат предвид резултатите кои произлегоа од извршените анализи на постојната состојба на младите во Охрид, како и спроведената анкета на млади луѓе од 15 до 29 години во Општина Охрид.

Визијата на Општина Охрид за млади е следна:

***Младите во Општина Охрид се активни и рамноправни учесници во сите области на општествениот живот, со својата иновативност и креативност се главни двигатели на економскиот, културниот и социјалниот развој, имаат еднакво право на висок квалитет на живеење, чиста и здрава животна средина.***

Поставувањето на стратешки цели во еден стратешки документ и план води кон остварување на главната визија. За исполнување на визијата на младите во Општина Охрид потребно е исполнување на следните цели, групирани во стратешки области:

### *7.5 Локални младински политики и локални организации и Младинско учество*

**Стратешка цел 1: Зголемен број на младински иницијативи и организации**

Една од најважните карактеристики на младите лица е нивниот капацитет за генерирање на квалитетни идеи преточени во иницијативи. Младите во Општина Охрид имаат и капацитет и способност за формирање на организации кои преку реализација на своите програми активно ќе придонесат за развој на Општина Охрид.

**Активности:**

**1.1 Формирање на Младински културен центар**

Активноста за формирање на Младински културен центар е веќе започната. Очекувањата на младите се истиот да стане простор во кој ќе може да функционираат разновидни младински организации. Функционирањето на Младинскиот културен центар ќе овозможи подобри услови и за соработка на

постоечките младински организации, но и ќе стимулира отворање на нови. Активноста треба да се реализира во целост од Општина Охрид.

**Рок:** Отворање 2022 година и потоа континуирано
**Буџет:**

**1.2 Обезбедување на зголемено учество на младите на локално ниво при креирање на политики кои ги засегаат младите**

Активноста треба да се одвива континуирано со креирање на услови за претставување, секторска анализа и реализација на квалитетни иницијативи. Вклученоста на младите во Советот на Општина Охрид овозможува доставување на иницијативи но потребна е зголемена секторска координација за реализација на иницијативите. Подобрување на климата за поднесување на младински иницијативи преку повеќе канали, а пред сѐ:

- Дефинирање на форма на веб-страницата на Општина Охрид за поднесување на иницијативи од млади лица со подготвен образец којшто ќе овозможи подобрен квалитет на поднесените иницијативи.
- Иницирање и поддршка за поднесување на иницијативи во разни области преку објавување на јавни повици

Потребен е конкретен индикатор за мерење на успешно реализирани иницијативи.

**Рок:** Континуирано
**Индикатор:** Минимум реализирани пет иницијативи
**Буџет:**

**Стратешка цел 2: Обезбедено еднаков пристап за сите млади луѓе до младински организации и европски програми за млади**

Инклузивноста и соработката на младите лица од Општина Охрид со млади од други градови и Европски држави ќе придонесе за квалитетен пренос на добри практики и ќе стимулира современ начин на градење на капацитетите на младинските организации. Поддршка на процесите на државно ниво и меѓудржавна соработка на младите од различни средини ќе придонесе за забрзан развој, проширување на знаењата како и на генерирање на заемни креативни идеи и проекти.

***Активности:***

**2.1 Обезбедување на квалитетни информации за достапни европски програми за млади**

Пристапот до информации за постоечки и планирани европски програми за млади ќе се направи со квалитетно истражување од стручни лица во областа и тоа барем на две години. Претставувањето на можностите за младите лица и за младинските организации ќе се реализира во соработка со средните училишта и високо образовните институции со организирање на настани за претставување на европските програми.

**Рок:** Континуирано
**Индикатор:** минимум три презентации на европски програми годишно
**Буџет:** 10000 €

**2.2 Организирање на презентации за промоција на младински организации и можности за зачленување во истите**

Општина Охрид во иднина треба да овозможи простор каде младинските организации ќе можат да ги претставуваат своите програми и ќе привлекуваат други млади лица кои имаат интерес за специфични теми. Планираниот Младински културен центар делумно ќе ги исполни потребите на младинските организации, но Општина Охрид во иднина треба да идентификува и други простори кои бесплатно ќе им бидат достапни на младинските организации за презентации.

**Рок:** 2022 идентификација и континуирано користење
**Индикатор:** минимум три простори
**Буџет:**

## *7.6 Младинско информирање*

**Стратешка цел 1: Обезбеден подобар пристап до информации од интерес на младите луѓе**

Младинското информирање има за цел поставување на механизми и канали за информирање на младите на ниво на Општина Охрид.

***Активности:***

**1.1 Организирање на обука за медиумска писменост**

Интензивноста на погрешно пласирани информации од нерелевантни медиуми е сериозен предизвик за квалитетно информирање на младите лица. Преплавеноста од информации на социјалните медиуми често доведува до целосна неинформираност. Општина Охрид во соработка со средните училишта ќе организира минимум една обука годишно со експерт од обласста, со цел подигање на свесноста за квалитет на информација, релевантен извор на информација и канали на информирање.

**Рок:** 2023 година
**Индикатор:** Една обука годишно
**Буџет:**

**1.2 Вмрежување на заинтересирани страни и воспоставување на функционален младински инфо центар**

Цел на оваа активност е идентификување на институции кои можат да бидат релевантни обезбедувачи на информации за младите (Театар, медиуми, организатори на настани, Јавни претпријатија ...) усогласување на начинот, методот и фреквенцијата на обезбедување на информации за потребите на младински инфо центар. Активноста ќе се реализира преку директни средби и работилница.

**Рок:** 2022
**Индикатор:** Функционален младински инфо центар
**Буџет:** 15 000 €

**1.3 Креирање андроид апликација за споделување на информации**

Општина Охрид ќе направи андроид апликација за пласирање на информациите од младинскиот инфо центар. Апликацијата ќе овозможи пласирање на информациите преку канал кој е најчесто користен од младите / мобилен телефон. Апликацијата ќе овозможи на едноставен начин информациите да бидат достапни и за младите од Општина Охрид и за младите туристи и посетители.

**Рок:** 2022 година
**Индикатор:** Активна апликација
**Буџет:** 1 500 €

**1.4 Информирање преку социјални медиуми**

Социјалните медиуми претставуваат доминантен медиум за информирање на младите. Ќе се подготват и разработат детални планови за on line медиуми, паралелно со плановите за радио и ТВ во кои ќе се искористи потенцијалот на социјалните мрежи за брза дистрибуција на информации.

## *7.7 Локална младинска работа*

### *Стратешка цел 1: Осигурување на квалитетна и достапна понуда на младинска работа*

Со исполнувањето на оваа стратешка цел се очекува зголемување на соработката помеѓу Општина Охрид, училиштата и младинските организации во функција на поттикнување на волонтерството и практикантството меѓу младите.

***Активности:***

**1.1 Промоција и поддршка на граѓанските организации кои имплементираат младинска работа**

Во соработка со училиштата и преку јавни трибини се очекува да се постигне зголемување на вклученоста на младите за реализација на проекти и програми. Ќе се обезбеди едукација на младите за законската рамка и придобивките од волонтерството и практикантството. Освен вклучување на волонтери во проекти

кои ги реализира Општина Охрид, ќе се направи и идентификација на проекти од други здруженија во Општина Охрид во кои може да се вклучат младите како волонтери или практиканти (пример, Здружение на пензионери, Здружение на жени и др.)

**Рок:** 2024 година
**Индикатор:** минимум 100 млади волонтери ангажирани на проекти
**Буџет:** 5 000 €

### 1.2 Обезбедување на простор и услови за имплементација на младинска работа

Во просториите на Општина Охрид или во простории од јавните претпријатија на територија на Општина Охрид ќе се адаптира просторија за реализирање на проекти со млади волонтери.

**Рок:** 2024 година
**Индикатор:** Опремена просторија
**Буџет:** 10 000 €

## *7.8 Образование*

**Стратешка цел 1: Креирање на можности за личен и професионален развој**

Оваа цел треба да обезбеди подобрување на квалитетот на образовната подготовка со цел подобро позиционирање на пазарот на труд или отворање на сопствен бизнис.

***Активности:***

### 1.1 Организирање на ИТ обуки, обуки за изучување на странски јазици, обуки за меки вештини

Општина Охрид во соработка со Агенцијата за вработување, УНДП и со други извори на средства, интензивно ќе работи на зголемување на бројот на млади лица кои ќе се стекнат со потребни знаења од областа на современи ИТ технологии, интерактивна комуникација со странски јазик како дополна на задолжителни странски јазици во училиштата, како и комуникациски и презентациски вештини.

**Рок:** 2024 година
**Индикатор:** Минимум 50 лица годишно да посетат барем една од обуките
**Буџет:** 10 000 € буџет од Општина Охрид и дополнително обезбедени донации

### 1.2 Едукација за физикална терапија

Градот нуди одлични можности за отворање на повеќе приватни центри за физикална терапија во кои би престојувале лица од цела држава. Моментално кадрите со познавање на техниките на физикална терапија се дефицитарни и за истите може да се обезбедат средства од програми за доквалификација или преквалификација на млади лица. Обезбедувањето на ваков кадар ќе придонесе за намалување на бројот на невработени, подобрена грижа за лица од повозрасните категории и ќе креира можности за нова гранка, медицински туризам.

**Рок:** 2024 година
**Индикатор:** минимум пет лица годишно
**Буџет:** Програми на Агенција за вработување во соработка со УНДП

### 1.3 Креирање на ИТ вештини преку формално и неформално образование, со можност за вработување во модерни ИТ компании

Драстичното зголемување на бројот на ИТ компании, нивното учество во Бруто домашниот производ и атрактивните плати во индустријата претставуваат одлична насока за младите лица кои сакаат да се стекнат со специфични вештини. Освен универзитетското образование постојат и можност за едукација преку академии кои во целост ги исполнуваат барањата на ИТ компаниите.

**Рок:** 2022 година
**Индикатор:** минимум 10 млади
**Буџет:** Програми на Агенција за вработување

### 1.4 Креирање на услови за работа на современи номади/Идентификација и промоција на идејата за современи номади

Современите трендови на работа од дома и работа on line, особено во време на пандемија станаа тренд меѓу младите. При изборот на локација од каде ќе работат често пати се бираат туристичките дестинации. Општина Охрид ќе работи на привлекување на млади од Македонија, кои моментално се вработени во странство, а кои би поминале еден период во Охрид. За таа цел ќе се опреми современ канцелариски простор на атрактивна локација со убав поглед, што би се промовирал како место за млади.

**Рок:** 2024 година
**Индикатор:** Функционален простор
**Буџет:** 400 000 €

### *7.9 Вработување и поддршка пред вработување*

**Стратешка цел 1: Подобрување на условите за вработување**

Со оваа цел треба да се обезбеди вмрежување на сите заинтересирани страни во процесот на вработување на младо лице. Зголемување на можностите за вработување и самовработување ќе се овозможи преку усогласување на понудата и побарувачката на пазарот на трудот.

***Активности:***

**1.1 Формирање на центар за кариерно советување за поддршка на ученици и невработени.**

Редовна комуникација со бизнис заедницата, стопанските комори, здруженија на работодавци и млади лица, кои ќе овозможат идентификување на трендовите на идни потребни кадри на пазарот на труд.

**Рок:** 2023 година
**Индикатор:** Активен кариерен центар
**Буџет:** 50 000 €

**1.2 Организирање на средби со бизнис заедницата за идентификување на потреби за вработување**

Освен кариерниот центар кој ќе комуницира најмногу со мали и средни претпријатија во фокус на активностите на Општина Охрид ќе се реализираат и средби со ТОП пет компании од регионот на највисоко ниво. Ваквите средби ќе овозможат квалитетно информирање за долгорочните планови на најголемите работодавци и активна соработка во надминување на проблемите со кои тие се соочуваат на пазарот на труд.

**Рок:** од 2022 година континуирано
**Индикатор:** минимум пет средби на највисоко ниво- генерален директор или оперативен директор.
**Буџет:**

**1.3 Организирање на саем за вработување**

Еднаш годишно ќе се организира саем за вработување на кој работодавците ќе можат да ги претставaт своите компании, а младите лица да постават прашања кои нив ги интересираат за компаниите и да го донесат најдобриот избор за својата кариера.

**Рок:** 2022 година континуирано
**Индикатор:** Одржан саем за вработување
**Буџет:** 5 000 € учество на Општина Охрид и партиципација од компаниите учесници на Саемот за вработување

### *7.10 Спортско-забавна и културна инфраструктура*

**Стратешка цел 1: Подобрени услови за спортски активности**

Со цел афирмирање на Општина Охрид како развиен спортски центар, со развиена инфраструктура за спорт и рекреација, Општина Охрид ќе работи на повеќе проекти кои се идентификуваа како приоритетни од реализираната работилница и спроведените интервјуа со млади лица. Освен реализација на проектите, Општина Охрид активно ќе ги промовира постоечките содржини и натпреварите кои традиционално се одржуваат.

***Активности:***

**1.1 Изградба на спортски објект**

На територијата на Општина Охрид постои функционална спортска сала која активно се користи од младите лица. Покрај спортската сала има и повеќе функционални училишни спортски сали. Во следниот период се планира зголемување на функционалноста на спортската сала, додавање на дополнителна функционалност како куглана, игротека и сл. Реализацијата ќе се реализира со постапка за идентификација и склучување на договор за Јавно приватно партнерство.

**Рок:** 2023 година
**Индикатор:** Подготвена студија, објавен оглас, потпишан договор
**Буџет:** 10 000 € за подготовка на физибилити студија за ЈПП

**1.2 Изградба на велосипедска патека**

Општина Охрид континуирано работи на изградба на пешачки и велосипедски патеки. Во следниот период ќе се продолжи со дополнителни пешачки и велосипедски патеки како и паркинг простори за велосипеди. Планирани се дополнителни 30 км патеки во период од четири години.

**Рок:** Континуирано
**Индикатор:** 30 км
**Буџет:** 100 000 €

**1.3 Изградба на затворен базен**

Изградбата на затворен базен во Општина Охрид е во тек. Проектот го реализира Агенцијата за млади и спорт.

**Рок:** во тек
**Индикатор**: Базен пуштен во употреба
**Буџет:**

**Стратешка цел 2: Подобрени услови за културни активности**

Богатото културно наследство е симбол за Општина Охрид. Во градот редовно се одржуваат повеќе културни манифестации во организација на централно и на локално ниво. Во градот и во околината има голем број на валоризирано културно историски споменици, верски објекти и музеи, кои овозможуваат висок квалитет на културен живот.

Во следниот период Општина Охрид ќе работи на проширување и на зголемување на културните содржини во тек на цела година со посебен фокус на содржини кои се актуелни за младите лица.

*Активности:*

**2.1 Организирање на културни манифестации за млади**

Формирање на календар на атрактивни настани во тек на цела година.

**Рок:** 2022 година
**Индикатор:** 12 настани, минимум еден месечно
**Буџет:** 100000 €

**2.2 Отворање на младински театар за млади уметници**

Креативноста на младите уметници подобро ќе биде изразена со овозможување на бесплатен пристап во постоечкиот театар, а во иднина отворање на посебен младински театар.

**Рок:** континуирано
**Индикатор:**
**Буџет:**

**2.3 Долни Сарај да се отвори за млади**

Атрактивниот Фестивал Охридско Лето привлекува голем број на посетители за времетраењето на фестивалот. Реновираната локација „Долни Сарај“ овозможува уникатност на настапите. Отворање на таа локација со можност за бесплатно користење за младите од Општина Охрид во термини вон фестивалските активности ќе овозможи изразување на креативниот потенцијал.

**Рок:** Континуирано
**Индикатор:**
**Буџет:**

## 2.4 Отворање на градски музеј

Развојот на градот во современи услови, претпоставува редовно обновување и ревитализација на постоечките содржини. Современите технологии, видео-анимации, дигитални модели на објекти од минатото и виртуелна реалност овозможуваат отворање на нови видови на музеи во кои посетителот ќе може да патува низ Охрид низ вековите. Отворање на ваков современ вид на музеј со интерактивни содржини ќе ги привлече младите кон историјата и богатото културно наследство.

**Рок:** 2024 година
**Индикатор:** Функционален музеј
**Буџет:** 300000 €

## 2.5 Утврдување на сопственост на опремата од филмската академија и можност да ја користат младите

Моментално во градот стои неупотребена опрема од филмската академија која не функционира. Повеќегодишната негрижа за скапо платената опрема може да резултира со нефункционалност. Градот Охрид ќе преземе иницијатива да се идентификува моменталната сопственост и да се побара од Министерството за образование истата да биде отстапена на користење во планираниот Младински културен центар.

**Рок:** 2022 година
**Индикатор:**
**Буџет:**

## 2.6 Изградба на кино

Потребите на младите од аспект на кинематографија моментално не се овозможени. За отворање на кино во Градот Охрид планирани се следните активности:

- Идентификација на соодветна локација;
- Испитување на потенцијално заинтересирани приватни компании за отворање на кино;
- Распишување на оглас за избор на приватен партнер.

**Рок:** 2023 година
**Индикатор:** Објавен оглас
**Буџет:** 10000 €

### *7.11 Здравје и здравствена заштита*

Промовирање на здрав стил на живеење и подобрување на здравствената заштита на населението ќе се реализира преку следните активности.

**Стратешка цел 1: Подобрени услови за дедукција на ментално здравје и однесување кај младите**
***Активности:***
1.1 Промоција и зголемување на капацитетите на центрите за социјална работа
1.2 Организирање на обуки за сексуално здравје за млади
1.3 Организирање на обуки за ментално здравје
1.4 Превенција за употреба на наркотични дроги

**Стратешка цел 2: Зголемена свесност кај младите за одговорностите при учество во сообраќајот**

***Активности:***
2.1 Активност за подигање на свесноста и сообраќајната култура на младите.

### *7.11 Квалитет на живот*

**Стратешка цел 1: Чист град**
***Активности:***
1.1 Организирање на еко акции
1.2 Парк за миленичиња
1.3 Паркови и зелени површини
1.4 Организирање на редовни состаноци на еколошки друштва со ЈП „Охридски комуналец“
1.5 Поставување на функционални канти за отпадоци низ целиот град

### *7.12 Други локални програми*

Развојот на Охрид во град со висока општествена и социјална одговорност значи дека треба да се создадат услови за добар живот на сите жители. Континуирано подобрување на условите на живеење на социјално загрозени, подигање на јавната свест и ефикасно спроведување на реформските процеси во секторот социјала, ќе се реализираат преку активности директно насочени кон подобра интеграција и овозможено вработување на лица со посебни потреби, лица од сиромашни семејства и лица изложени на други социјални ризици.

**Стратешка цел 1: Подобрени услови за живот на млади од ранливи групи на граѓани**

***Активности:***

**1.1 Дневни центри за лица со посебни потреби**

Отворањето на дневни центри за лица со посебни потреби го подобрува животот на целото семејство и овозможува зголемена продуктивност на членовите на семејствата кои во недостаток на дневни центри, водат грижа за своите блиски.

**Рок:** 2023 година
**Индикатор:** Активен дневен центар
**Буџет:** Министерство за труд и социјални политики, Министерство за локална самоуправа

**1.2 Обезбедување на пристапни рампи за инвалидни лица**

Олеснување на пристапот на лица со посебни потреби до јавните институции, пред сѐ образовните, културните и здравствените институции.

**Рок:** 2022 година
**Индикатор:** Минимум пет рампи
**Буџет:** 5000 €

**1.3 Организирање на обуки за изучување на знаковен јазик**

**Рок:** 2023 година
**Индикатор:** минимум една обука
**Буџет:**

**Стратешка цел 2: Подобрени услови за живот на млади од сиромашни семејства**

Оспособувањето на млади лица од сиромашни семејства за брзо и ефикасно вклучување на пазарот на труд ја подобрува не само состојбата на младото лице туку и на целото семејство.

***Активности:***

**2.1 Обезбедување на бесплатни обуки**

**Рок:** 2022 година
**Индикатор:** пет обучени лица
**Буџет:** Агенција за вработување Република Северна Македонија

**Стратешка цел 3: Подобрени услови за живот на младите од рурални средини**

Младите од руралните области се соочуваат со специфични предизвици и нивното активно вклучување во младинските политики е од особено значење за подигање на нивото на информираност во руралните области.

***Активности:***

3.1 Обезбедување на младите луѓе во руралните области активно да учествуваат во донесувањето на одлуки од интерес за младите

3.2 Подобрување на инфраструктурата за младите во руралните области

## 8. АКЦИОНЕН ПЛАН 2021 - 2026

Цели, активности, временски рамки, претпоставен буџет.

Табела бр. 16 - Акционен план за период 2021-2026

| АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПЕРИОД ОД 2022-2026 | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: Локални младински политики и локални организации и Младинско учество | | | | | | | | | | | | | |
| Стратешки цели | | Активност | | | Финансии-ЕВРА | | | | | Извори на финансирање | | Индикатори за успех | |
| Ред.бр. | назив | Ред.бр. | назив | Надлежна институција | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | 2026 | Буџет на Општина Охрид | Други извори на финансирање | квалитативни | квантитативни |
| 1 | Зголемен број на младински иницијативи и организации | 1.1 | Формирање на Младински културен центар | Општина Охрид | / | | | | | | | број | 1 за сите години |
| | | 1.2 | Обезбедување на зголемено учество на младите на локално ниво при креирање на политики кои ги засегаат младите | Општина Охрид | / | / | / | / | / | | | број на реализирани иницијативи | минимум реализирани 5 иницијативи |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | **Обезбедено еднаков пристап за сите млади луѓе до младински организации и европски програми за млади** | 2.1 | Обезбедување на квалитетни информации за достапни европски програми за млади | Општина Охрид | **10000** | **10000** | **10000** | **10000** | **10000** | | | број на презентирани европски програми | минимум 3 презентации на европски програми годишно |
| | | 2.2 | Организирање на презентации за промоција на младински организации и можности за зачленување во истите | Општина Охрид , Младински организации | / | | | | | | | број на обезбедени простори | минимум 3 простори |
| **ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: Младинско информирање** | | | | | | | | | | | | | |
| **1** | **Обезбеден подобар пристап до информации од интерес на младите луѓе** | 1.2 | Организирање на обука за медиумска писменост | Општина Охрид | | / | | | | | | број на обуки | една обука годишно |
| | | 1.2 | Вмрежување на заинтересирани страни и воспоставување на функционален младински инфо центар | Општина Охрид | **15000** | | | | | | | број на инфо центри | функционален младински инфо центар |
| | | 1.3 | Креирање андроид апликација за споделување на информации | Општина Охрид | **1500** | | | | | | | број на апликации | активна апликација |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.4 | Информирање преку социјални мрежи | Општина Охрид | | | | | | | | | |
| **ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: Локална младинска работа** | | | | | | | | | | | | | |
| **1** | **Осигурување на квалитетна и достапна понуда на младинска работа** | 1.2 | Промоција и поддршка на граѓанските организации кои имплементираат младинска работа | Општина Охрид | | | **5000** | | | | | број на ангажирани волонтери | минимум 100 млади волонтери ангажирани на проекти |
| | | 1.2 | Обезбедување на простор и услови за имплементација на младинска работа | Општина Охрид | | | **10000** | | | | | обезбеден простор | 1 за сите години |
| **ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: Образование** | | | | | | | | | | | | | |
| **1** | **Креирање на можности за личен и професионален развој** | 1.1 | Организирање на ИТ обуки, обуки за изучување на странски јазици, обуки за меки вештини | Општина Охрид | | | **10000** | | | | | број на обучени лица | минимум 50 лица годишно да посетат барем една од обуките |
| | | 1.2 | Едукација за физикална терапија | Општина Охрид | | | / | | | | | број на обучени лица | минимум 5 лица годишно |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.3 | Креирање на ИТ вештини преку формално и неформално образование, со можност за вработување во модерни ИТ компании | Општина Охрид | / | | | | | | | број на обучени | минимум 10 млади годишно |
| | | 1.4 | Креирање на услови за работа на современи номади/Идентификација и промоција на идејата за современи номади | Општина Охрид | | | 400000 | | | | | број на објекти | еден функционален простор за сите години |
| | | | | | | | | | | | | | |
| **ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: Вработување и поддршка пред вработување** | | | | | | | | | | | | |
| **1** | **Подобрување на условите за вработување** | 1.1 | Формирање на Центар за кариерно советување за поддршка на ученици и невработени | Општина Охрид | 50000 | | | | | | | број на центри | еден активен центар за сите години |
| | | 1.2 | Организирање на средби со бизнис заедницата за идентификување на потреби за вработување | Општина Охрид | / | / | / | / | / | | | Број на организирани средби | 1- минимум 5 средби на највисоко ниво(Генерален или Оперативен Директор) |
| | | 1.3 | Организирање на саем за вработување | Општина Охрид | 5000 | 5000 | 5000 | 5000 | 5000 | | | Број на организирани саеми | Одржан саем за вработување годишно |

| **ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: Спортско-забавна и културна инфраструктура** | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Подобрени услови за спортски активности** | 1.1 | Изградба на спортски објект | Општина Охрид | | 10000 | | | | | | подготвена физибилити студија за ЈПП | подготвена физибилити студија за ЈПП, објавен оглас, потпишан договор |
| | | 1.2 | Изградба на велосипедска патека | Општина Охрид | 20000 | 20000 | 20000 | 20000 | 20000 | | | должина на велосипедски патеки | 30km велосипедска патека за сите години |
| | | 1.3 | Изградба на затворен базен | Агенција за млади и спорт | | | | | | | | базен пуште во употреба | базен пуште во употреба |
| **2** | **Подобрени услови за културни активности** | 2.1 | Организирање на културни манифестации за млади | Општина Охрид | | | | | | | | број на организирање на културни манифестации | 12 настани годишно |
| | | 2.2 | Отворање на младински театар за млади уметници | Општина Охрид | / | / | / | / | / | | | број | 1 за сите години |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2.3 | Долни Сарај да се отвори за млади | Општина Охрид | / | / | / | / | / | | | | континуирано |
| | | 2.4 | Отворање на градски музеј | Општина Охрид | | 300000 | | | | | | број | функционален музеј |
| | | 2.5 | Утврдување на сопственост на опремата од филмската академија и можност да ја користат младите | Општина Охрид | / | | | | | | | | |
| | | 2.6 | Изградба на кино | Општина Охрид | | 10000 | | | | | | број | објавен оглас |
| **ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: Здравје и здравствена заштита** | | | | | | | | | | | | | |
| **1** | **Подобрени услови за дедукција на ментално здравје и однесување кај младите** | 1.2 | Промоција и зголемување на капацитетите на центрите за социјална работа | Општина Охрид | | | | | | | | број на настани | 1- годишно |
| | | 1.3 | Организирање на обуки за сексуално здравје за млади | Општина Охрид | | | | | | | | број на организирани обуки | 1 -годишно |
| | | 1.4 | Организирање на обуки за ментално здравје | Општина Охрид | | | | | | | | број на организирани обуки | 1 -годишно |
| | | 1.5 | Превенција за употреба на наркотични droги | Општина Охрид | | | | | | | | број на организирани обуки | 1 годишно |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2** | **Зголемена свесност кај младите за одговорностите при учество во сообраќајот** | 2.1 | Активност за подигање на свесноста и сообраќајната култура на младите | Општина Охрид | | | | | | | | Број на активности | 1- годишно |
| | | | | | | | | | | | | | |
| **ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ** | | | | | | | | | | | | | |
| **1** | **Чист град** | 1.1 | Организирање на еко акции | Општина Охрид | | | | | | | | број на организирани еко акции | 5- годишно |
| | | 1.2 | Парк за миленичиња | Општина Охрид | | | | | | | | број на паркови за миленичиња | 1 за сите години |
| | | 1.3 | Паркови и зелени површини | Општина Охрид | | | | | | | | број на паркови | 1 за сите години |
| | | 1.4 | Организирање на редовни состаноци на еколошки друштва со ЈП „Охридски Комуналец“ | Општина Охрид | | | | | | | | број на состаноци | 2 -годишно |
| | | 1.5 | Поставување на функционални канти за отпадоци низ целиот град | Општина Охрид | | | | | | | | | континуирано |
| **ТЕМАТСКА ОБЛАСТ: ДРУГИ ЛОКАЛНИ ПРОГРАМИ** | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Подобрени услови за живот на млади од ранливи групи на граѓани** | 1.1 | Дневни центри за лица со посебни потреби | Општина Охрид | | / | | | | | | број на дневни центри | еден активен центар за сите години |
| | | 1.2 | Обезбедување на пристапни рампи за инвалидни лица | Општина Охрид | 5000 | | | | | | | број на поставени рампи | минимум пет поставени рампи за сите години |
| | | 1.3 | Организирање на обуки за изучување на знаковен јазик | Општина Охрид | | / | | | | | | број на организирани обуки | минимум една обука годишно |
| **2** | **Подобрени услови за живот на млади од сиромашни семејства** | 2.1 | Обезбедување на бесплатни обуки | Општина Охрид | / | | | | | | | број на обучени лица | минимум 5 обучени лица годишно |
| **3** | **Подобрени услови за живот на младите од рурални средини** | 3.1 | Обезбедување на младите луѓе во руралните области активно да учествуваат во донесувањето на одлуки од интерес за младите | Општина Охрид | | | | | | | | % на вклученост на млади од рурални средини | 5% |
| | | 3.2 | Подобрување на инфраструктурата за младите во руралните области | Општина Охрид | | | | | | | | | |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ ВО ЕВРА** | | | | | 106500 | 355000 | 460000 | 35000 | 35000 | | | **991.500,00** | |

## 9. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

За Акциониот план за период 2021-2026 година за реализација на стратегијата за млади на Општина Охрид е одговорно Одделението за млади и невладини организации на Општина Охрид, кое функционира во рамките на Секторот за јавни дејности, градоначалникот на Општина Охрид, Советот на Општина Охрид, како и соодветните сектори и нивните одделенија. Одделението за млади и невладини организации на Општина Охрид ќе го координира и мониторира неговото извршување и ќе биде одговорно за:

- Детално формулирање на активностите за насоките и за конкретните цели од акциониот план;
- Да ги спремаат и следат активностите од Акциониот план за секоја година одделно;
- Одредува тим за имплементација на Акциониот план;
- Координира активности за имплементација на проектите;
- Ги одобрува проектите (активностите) и ги проследува за натамошна селекција и одобрување;
- Врши мониторинг (следење и контрола) на акциониот план, дефинирање и имплементација на проектите и активностите ;
- Дава контролни мерки за секој проект одделно при имплементацијата;
- Подготвува годишен и квартален план на активности до советот на Општина Охрид, градоначалникот и партнерствата.

Одделението за млади и невладини организации на Општина Охрид, ќе ја следи имплементацијата на Акционен план за период 2021-2026 на Општина Охрид. Предвидени се две евалуации на акциониот план, и тоа една во текот на имплементацијата на планот и крајна евалуација, веднаш по завршување на временскиот рок на акциониот план.

## 10. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Национална стратегија за млади 2016-2025, Агенција за млади и спорт, јануари 2016, https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/NSMK.pdf
2. Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник на РСМ бр. 10 од 16.01.2020 година
3. Статут на Општина Охрид, https://ohrid.gov.mk/wpcontent/uploads/2017/08/Statut_Opstina_Ohrid_final_21.pdf
4. Младинско организирање во Македонија, Национален Младински совет на Македонија, http://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2020/06/mladinsko-organiziranje-vo-Makedonija.pdf
5. Младинска вработеност во Република Северна Македонија, Александра Ивановска, Ангел Мојсовски, Симонида Кацарска, февруари 2019, https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2019/06/FINAL_BASELINE_Mladiinfo_final.pdf
6. Европска повелба за учеството на младите луѓе во локален и регионален живот, Коалиција СЕГА во партнерство со Агенција за спорт и млади, http://ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/09/evropska-povelba-za-mladi.pdf
7. Резолуција CM/Res(2020)2 за Стратегијата за младински сектор до 2030 год. на Советот на Европа, https://rm.coe.int/native/0900001680a331f5
8. The European Union Youth Strategy 2019-2027, Resolution on the European Union Youth Strategy 2019-2027 – Adoption, https://europa.eu/youth/strategy_en
9. Стратегија за младински сектор 2030 година, https://rm.coe.int/a5-brochure-youth-sector-strategy-2030-macedonian/1680a0d1e7
10. Ревидиран Акциски план за вработување млади лица 2016-2020 година, https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx
11. Деловник за работа на локалното младинско собрание на Општина Охрид, https://ohrid.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/
12. Програма за поддршка на локалниот економски развој на Општина Охрид за 2021, https://ohrid.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08
13. Закон за спорт, („Службен весник на РСМ“ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16, 52/19, 98/19,244/19)
14. Закон за ученичнки стандард, („Службен весник на РСМ“ бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 64/2018 и 20/2019)
16. Законот за практикантство, (Службен весник на РСМ бр. 98/2019)
17. Законот за средно образование, (Службен весник на РСМ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016,127/2016,67/2017,64/2018, 229/2020)
18. Законот за високо образование, ( Службен весник на РСМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 127/16)

19. Закон за локална самоуправа, (Службен весник на РСМ бр. бр. 5 od 29/ 2002)
20. Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, (Службен весник на РСМ 112/2014, 113/2014, 56/2015, 129/2015, 147/2015,1 54/2015, 27/2016, 119/2016, 21/2018, 113/2018,124/2019)
21. Закон за работни односи, (Службен весник на РСМ бр.167/2015, 27/16, 120/18, 110/19)
22. Закон за младински додаток, (Службен весник на РСМ бр.18/2020)
23. Закон за култура, (Службен весник на РСМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 )
24. Годишна Програма на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2021 година, https://av.gov.mk/content/

Користени веб страни:

http://www.stat.gov.mk/
https://av.gov.mk/
https://ohrid.gov.mk/
http://www.ams.gov.mk/

# 11. АНЕКС

## Експертски тим

„Стратегијата за млади на Општина Охрид, со акционен план за период од 2021-2026 година“, е изработена од следниот експертски тим:

**1. Светлана Петровска – Тим лидер – Стратешко планирање**
**2. Маја Неделковска – Истражување и анализи**
**3.Македонка Балдазарска - Лектура**

## Прашалник

ПРАШАЛНИК
ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ОХРИД

Овој прашалник е дел од „Стратегијата за млади на Општина Охрид“. Нарачател е Општина Охрид, а го спроведува „Таргет Комуникации“ ДООЕЛ Скопје.

Прашалникот е наменет за млади лица од 15-29 години, жители на Општина Охрид. Добиените податоци ќе се искористат за креирање на Стратегија за млади на Општина Охрид, како и при подготовка на акционен план за периодот 2021-2026.

1. Демографски податоци
1.1. Пол
a. Женски
b. Машки
1.2. Возраст
a. 15-19
b. 20-24
c. 25-27
d. 28-29
1.3. Националност
a. Македонци
b. Албанци
c. Турци
d. Роми
e. Власи
f. Срби
g. Бошњаци
h. Останато
1.4. Образование
a. Без образование
b. Некомплетно основно образование

c. Основно училиште
d. Средно училиште
e. Виша школа
f. Висока школа, факултет, академија
g. Магистратура
h. Докторат
i. Ученик
j. Студент

1.5. Место на живеење
a. Урбана средина
b. Рурална средина

2. Дали сте вработени?
a. Да
b. Не
c. Ученик/Студент

3. За да би останале во Охрид, колку би требало да изнесува Вашата плата?
a. 18 000-20 000 денари
b. 21 000-25 000 денаари
c. 26 000-30 000 денари
d. 31 000-35 000 денари
e. 36 000-40 000 денари
f. 41 000-45 000 денари
g. 46 000-50 000 денари
h. Над 50 000 денари

4. Дали сте член во некоја граѓанска организација?
a. Да
b. Не
c. Друго

5. Дали сметате дека недостасуваат младински организации и здруженија во Вашата општина?
a. Да
b. Не
c. Има многу
d. Има, но недоволно

6. Дали сте информирани за случувањата во Вашата општина поврзано со младите?
a. Да
b. Не
c. Друго

7. Дали имате волонтирано?
a. Да
b. Не

c. Друго

8. Дали би сакале да волонтирате?
a. Да
b. Не
c. Можеби

9. Дали посетувате некоја обука?
a. Да
b. Не
c. Друго

10. Дали сметате дека во Вашата општина недостасуваат обуки?
a. Да
b. Не
c. Има многу
d. Има, но недоволно
e. Друго

Ако одговорот е „да“, Ве молиме наведете какви обуки недостасуваат?

11. Како го поминувате Вашето слободно време?
a. Спортски активности
b. Културни активности
c. Социјални мрежи
d. Со друштво на кафе
e. Пред телевизија
f. Членство во некоја организација
g. Друго

12. Каков вид на активности сметате дека недостасува во Вашата општина?
a. Спортски
b. Културни
c. Образовни
d. Забавни
e. Друго

13. Каков вид на објекти сметате дека недостасува во Вашата општина?

14. Според вас кои треба да бидат најважните три приоритети на Општина Охрид за младите?

15. Кои активности треба да ги преземе Општина Охрид, за да ги подобри условите на младите?

16. Наведете други Ваши предлози и идеи доколку имате:

## Табели

Табела бр. 17 - Преглед на невработени лица со високо образование и магистратура според профил на образование

| Профил на образование | Невработени лица |
|---|---|
| Дипл. ДЕТЕКТИВ (180 ЕКТС) | 4 |
| Дипл. ДИЗАЈНЕР (180 ектс) | 2 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ ОД ОБЛАСТА НА МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ (180 ЕКТС) | 1 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ (180 ЕКТС) | 2 |
| Дипл. инж. ПО ИНФОРМАТИКА (180 ЕКТС) | 1 |
| Дипл. ИНЖЕНЕР по ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ (180 ЕКТС) | 4 |
| Дипл. ИНФОРМАТИЧАР (180 ЕКТС) | 4 |
| Дипл. ЈАВЕН АДМИНИСТРАТОР (180 ЕКТС) | 1 |
| Дипл. МЕДИЦИНСКО ЛАБОРАТОРИСКИ АНАЛИТИЧАР (180 ЕКТС) | 1 |
| Дипл. МЕНАЏЕР ПО ГАСТРОНОМИЈА (180 ЕКТС) | 2 |
| Дипл. МЕНАЏЕР ПО ОСИГУРУВАЊЕ (180 ЕКТС) | 17 |
| Дипл. МЕНАЏЕР ПО ТУРИЗАМ (180 ЕКТС) | 1 |
| Дипл. МЕНАЏЕР ПО ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО (180 ЕКТС) | 24 |
| Дипл. НОВИНАР (180 ЕКТС) | 1 |
| Дипл. ПО БЕЗБЕДНОСТ И ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА (180 ЕКТС) | 4 |
| Дипл. ПО КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ | 1 |
| Дипл. ПРАВНИК (180 ЕКТС) | 10 |
| Дипл. ФИЗИОТЕРАПЕВТ (180 ЕКТС) | 3 |
| Дипл. ФИНАНСИСКО БАНКАРСКИ И ДАНОЧЕН МЕНАЏМЕНТ (180 ЕКТС) | 2 |
| Дипл.ГРАДЕЖЕН ИНЖЕНЕР | 1 |
| Дипл.МЕНАЏЕР ПО ХОТЕЛСКО РЕСТОРАНСКО РАБОТЕЊЕ | 1 |
| Професор ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА | 1 |
| Дипл. АРХЕОЛОГ | 5 |
| Дипл. БИОЛОГ (ПРОФЕСОР) | 2 |
| Дипл. ВИОЛИНИСТ | 1 |
| Дипл. ВИОЛИСТ | 1 |
| Дипл. ВОСПИТУВАЧ | 2 |
| Дипл. ГЕОГРАФ - ЕТНОЛОГ | 1 |
| Дипл. ГЕОГРАФ (ПРОФЕСОР) | 1 |

| | |
|---|---|
| Дипл. ГРАДЕЖЕН инж. ЗА НИСКА ГРАДБА | 1 |
| Дипл. ГРАДЕЖЕН инж. ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА | 1 |
| Дипл. ГРАФИЧАР СО ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН | 1 |
| Дипл. ГРАФИЧКИ ИНЖЕНЕР | 1 |
| Дипл. ДЕФЕКТОЛОГ | 3 |
| Дипл. ДОКТОР ПО ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА | 2 |
| Дипл. ДОКТОР ПО СТОМАТОЛОГИЈА (300 ЕКТС) | 4 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ | 35 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ - ДЕЛОВНА (БИЗНИС) ЕКОНОМИЈА - МАРКЕТИНГ | 2 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ - ДЕЛОВНА(БИЗНИС) ЕКОНОМИЈА - МЕНАЏМЕНТ | 1 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ - ДЕЛОВНА(БИЗНИС) ЕКОНОМИЈА - ФИНАНСИСКО СМЕТКОВОДСТВЕН МЕНАЏМЕНТ | 5 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ - МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ | 1 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ - МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА | 1 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ - НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА | 1 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ - ПРОМЕТНО КОМЕРЦИЈАЛНА НАСОКА | 2 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ - СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА | 1 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ - СТАТИСТИЧКО КИБЕРНЕТИЧКА НАСОКА | 1 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ- БАНКАРСКИ МЕНАЏМЕНТ | 1 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ ЗА ЕКОНОМИКА НА ПРЕТПРИЈАТИЈА | 1 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ МЕНАЏЕР | 1 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ- ФИНАНСИСКО СМЕТКОВОДСТВО И БАНКАРСТВО | 1 |
| Дипл. ЕКОНОМИСТ- ФИНАНСОВ МЕНАЏМЕНТ | 2 |
| Дипл. ЕЛЕКТРОМАШИНСКИ инж. | 1 |
| Дипл. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ инж. - ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТИКА | 1 |
| Дипл. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ инж. - ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТИКА И АВТОМАТИКА | 2 |
| Дипл. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ инж. - ИНДУСТРИСКА НАСОКА | 1 |
| Дипл. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ инж. - ИНФОРМАТИКА И АВТОМАТИКА | 1 |
| Дипл. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ инж. - ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ И ЕЛЕКТРОНИКА | 1 |
| Дипл. ЗАБЕН техничар ПРОТЕТИЧАР | 1 |
| Дипл. ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНЖЕНЕР - ПОЛЈОДЕЛСКА НАСОКА | 1 |

| | |
|---|---|
| Дипл. инж. ПО ДРВНА ИНДУСТРИЈА | 2 |
| Дипл. ИНЖ. ПО ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ ОД ПОДРАЧЈЕТО КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ | 2 |
| Дипл. инж. ТЕХНОЛОГ - НАСОКА НУТРИЦИОНИЗАМ | 1 |
| Дипл. ИНЖЕНЕР ТЕХНОЛОГ ПО ТЕКСТИЛНО ИНЖЕНЕРСТВО | 1 |
| Дипл. ИНФОРМАТИЧАР | 1 |
| Дипл. ИСТОРИЧАР (ПРОФЕСОР) | 3 |
| Дипл. ИСТОРИЧАР НА УМЕТНОСТ СО АРХЕОЛОГИЈА | 2 |
| Дипл. ИСТОРИЧАР НА УМЕТНОСТА (ПРОФЕСОР) | 1 |
| Дипл. ЈАВЕН АДМИНИСТРАТОР | 2 |
| Дипл. КРИМИНАЛИСТ | 1 |
| Дипл. МАШИНСКИ ИНЖЕНЕР | 7 |
| Дипл. МЕНАЏЕР | 1 |
| Дипл. МЕНАЏЕР ПО ОСИГУРУВАЊЕ | 11 |
| Дипл. МЕНАЏЕР ПО ТУРИЗАМ | 11 |
| Дипл. МЕНАЏЕР ПО ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО | 12 |
| Дипл. МЕНАЏЕР ЗА ХОТЕЛИЕРСТВО И за РЕСТОРАНИ | 3 |
| Дипл. МЕНАЏЕР ПО ЦАРИНА И ШПЕДИЦИЈА | 11 |
| Дипл. МУЗИЧАР-САКСАФОН | 1 |
| Дипл. НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА | 1 |
| Дипл. ОРГАНИЗАТОР ПО ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО | 1 |
| Дипл. ПЕДАГОГ (ПРОФЕСОР) | 4 |
| Дипл. ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК И ИТАЛЈАНСКИ ЈАЗИК И БИЗНИС | 1 |
| Дипл. ПОЛИТИКОЛОГ | 2 |
| Дипл. ПРАВНИК | 20 |
| Дипл. ПРАВНИК - БЕЗБЕДНОСТ И ОСЗ | 1 |
| Дипл. ПРАВНИК - МЕЃУНАРОДНО ПРАВО, ПРАВО НА ЕУ И ДИПЛОМАТИЈА | 1 |
| Дипл. ПРАВНИК - ПОЛИТИЧКО ПРАВНА НАСОКА | 1 |
| Дипл. ПРАВНИК - ПРАВОСУДНА НАСОКА | 3 |
| Дипл. ПРАВНИК ПО МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ | 1 |
| Дипл. ПРЕВЕДУВАЧ ПО АНГЛИСКИ И ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК | 1 |
| Дипл. ПРЕВЕДУВАЧ И ТОЛКУВАЧ ОД МАКЕДОНСКИ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК И ОБРАТНО (МАЈЧИН ЈАЗИК) | 1 |

| | |
|---|---|
| Дипл. професор ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА (240 ЕКТС) | 3 |
| Дипл. ПРОФЕСОР ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА | 1 |
| Дипл. ПСИХОЛОГ | 3 |
| Дипл. ПСИХОЛОГ (ПРОФЕСОР) | 1 |
| Дипл. СООБРАЌАЕН инж. ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ | 2 |
| Дипл. СОЦИЈАЛЕН работник | 1 |
| Дипл. СОЦИОЛОГ (ПРОФЕСОР) | 3 |
| Дипл. СПЕЦИЈАЛЕН ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОР | 2 |
| Дипл. ТЕОЛОГ | 1 |
| Дипл. ТРЕНЕР ПО ФУДБАЛ | 1 |
| Дипл. УЧИТЕЛ | 8 |
| Дипл. ФАРМАЦЕВТ | 2 |
| Дипл. ФИЛМСКИ И ТВ РЕЖИСЕР | 1 |
| Дипл. ФИЛОЛОГ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ | 2 |
| Дипл. ФИЛОЛОГ ПО ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ СО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК - ПРЕВЕДУВАЧКА НАСОКА | 1 |
| Дипл. ФИЛОЛОГ ПО ТУРСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ СО ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ | 1 |
| Дипл.инж. АРХИТЕКТ | 3 |
| Дипл.инж. АРХИТЕКТ - ПРОЕКТИРАЊЕ | 1 |
| Дипл.инж. ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР | 1 |
| Дипл.инж. ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА | 5 |
| Дипл.инж. ПО ЕЛЕКТРОТЕХНИКА - ЕНЕРГЕТИЧАР | 1 |
| Дипл.инж. ПО ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ | 1 |
| Дипл.инж. ПО ЗАШТИТА НА ТРУДОТ | 1 |
| Дипл.инж. ПО ЗЕМЈОДЕЛСТВО | 2 |
| Дипл.инж. ПО ИНФОРМАТИКА | 5 |
| Дипл.инж. ПО ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ, НАСОКА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО | 3 |
| Дипл.ИНЖ. ПО КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ | 1 |
| Дипл.инж. ПО МЕТАЛУРГИЈА | 1 |
| Дипл.инж. ПО ОВОШТАРСТВО И ЛОЗАРСТВО | 2 |
| Дипл.инж. ПО ПОЛЈОДЕЛСТВО | 1 |
| Дипл.инж. ПО ПРЕРАБОТКА НА АНИМАЛНИ ПРОИЗВОДИ | 2 |
| Дипл.инж. ПО ТЕХНОЛОГИЈА НА ИСХРАНА | 1 |

| | |
|---|---|
| Дипл.инж. ПО УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ | 10 |
| Дипл.инж. ПО ХЕМИЈА | 3 |
| Дипл.инж. ПО ХЕМИЈА - АНАЛИТИЧКА БИОХЕМИЈА | 1 |
| Дипл.инж. ПО ХЕМИСКА ТЕХНОЛОГИЈА | 1 |
| Дипл.инж. ПО ШУМАРСТВО | 1 |
| Дипл.инж. ТЕХНОЛОГ - БАЗНО И НЕОРГАНСКО ИНЖЕНЕРСТВО | 1 |
| Дипл.инж. ТЕХНОЛОГ - ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ | 1 |
| Дипл.ИНЖ.ПО ИНФОРМАТИКА | 2 |
| Дипл.ИНЖЕНЕР ПО ЕЛЕКТРОТЕХНИКА | 1 |
| Дипл.ИСТОРИЧАР НА УМЕТНОСТА | 1 |
| Дипл.МЕНАЏЕР ВО УСЛУЖЕН СЕКТОР | 2 |
| Дипл.ПРОФЕСОР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ СО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ | 1 |
| Дипл.ПРОФЕСОР ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ | 1 |
| Дипл.СОЦИОЛОГ | 1 |
| Дипл.УНИВЕРЗ.ИНЖ.ПО ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ ОД ПОДРАЧЈЕТО МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА | 1 |
| Дипл.ФОТОГРАФ | 1 |
| Дипломиран ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК СО ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК И БИЗНИС | 1 |
| ДОКТОР ПО МЕДИЦИНА | 8 |
| ОФИЦЕР НА АРМ | 1 |
| Професор ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ | 1 |
| Професор ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК | 4 |
| Професор ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК И ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК | 1 |
| Професор ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ | 1 |
| Професор ПО ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТ НА НАРОДИТЕ НА СФРЈ СО АНГЛИСКИ ЈАЗИК | 1 |
| Професор ПО ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТ НА НАРОДИТЕ НА СФРЈ СО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК | 1 |
| Професор ПО ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК | 1 |
| Професор ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК | 2 |
| Професор ПО МУЗИКА | 1 |
| Професор ПО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК | 3 |
| Професор ПО ОПШТОНАРОДНА ОДБРАНА И ЗАШТИТА | 1 |

| | |
|---|---|
| Професор ПО ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК | 1 |
| Специјалист ФИЗИОТЕРАПЕФТ | 1 |
| Дипл.ЕКОНОМИСТ - СПЕЦИЈАЛИСТ ПО БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ | 1 |
| Специјалист - КЛИНИЧКИ ЛОГОПЕД | 1 |
| Магистер ИНЖЕНЕР АРХИТЕКТ | 1 |
| Магистер НА ЕКОНОМСКИ НАУКИ - НАСОКА ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ | 1 |
| Магистер НА ЕКОНОМСКИ НАУКИ ВО ОБЛАСТА НА МБА - МЕНАЏМЕНТ | 1 |
| Магистер НА ПРАВНИ НАУКИ | 2 |
| Магистер НА ПРАВНИ НАУКИ, НАСОКА ПРАВОСУДСТВО | 2 |
| Магистер НА ПРАВНИ НАУКИ, НАСОКА КРИМИНОЛОГИЈА | 1 |
| Магистер ПО БЕЗБЕДНОСНИ НАУКИ | 1 |
| Магистер ПО ЕКОНОМСКИ НАУКИ | 1 |
| Магистер ПО ЕЛЕКТРОТЕХНИКА | 1 |
| Магистер ПО КИНЕЗИТЕРАПИЈА | 1 |
| Магистер ПО ЛИКОВНА УМЕТНОСТ - СЛИКАРСТВО | 1 |
| Магистер по МАТЕМАТИКА | 1 |
| Магистер по МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ | 1 |
| Магистер ПО МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | 1 |
| Магистер по ПОЛИТИЧКИ НАУКИ | 1 |
| Магистер ПО ПРАВНИ НАУКИ, НАСОКА ГРАЃАНСКО ПРАВО | 1 |
| Магистер по ПРАВНИ РАБОТИ | 2 |
| Магистер ПО ПРАВО ОД ОБЛАСТА - КАЗНЕНО ПРАВО | 4 |
| Магистер по право од областа на граѓанско матерјално право и граѓанско процесно право | 1 |
| Магистер по ПРАВО ОД ОБЛАСТА НА КАЗНЕНО ПРАВО | 3 |
| Магистер по ПРАВО ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИ И ФИНАНСОВО ПРАВО | 1 |
| Магистер по ТУРИЗАМ | 1 |